# КОД НА ЕТИЧКО И ДЕЛОВНО ОДНЕСУВАЊЕ



АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ

*Здравјето пред сè*

# ВОВЕД

„Алкалоид“, во извршувањето на своите деловни операции, користи највисоки етички норми и стандарди. Кодот за етичко и деловно однесување претставува клучен елемент во градењето етичка корпоративна култура и гарантира одржлив раст и развој на компанијата.



**Ние сме уверени дека етичкото водење бизнис е предуслов за постојан личен и деловен успех**





НАШАТА
# МИСИЈА

Постојано тежнееме кон поздрав свет, кон супериорен квалитет на производите и на услугите, како и кон висока професионалност и континуиран успех.

Императив ни е заштитата на интересите на сите вклучени страни. Основна определба ни е грижата за здравјето и за квалитетот на животот на секој човек, за системот на здравствена заштита и за животната средина.

Нашата заложба е континуирано унапредување на здравјето на луѓето, што се рефлектира преку нашето мото:

*Здравјето пред сè*

*Health above all*



НАШАТА
# ВИЗИЈА

„Алкалоид“, како глобално ориентирана компанија, се стреми кон постигнување високи цели и дострели, кои ќе овозможат висока конкурентност и пазарна позиција. Постојано сме отворени кон градење нови пазари и нови партнерства, произведуваме и пласираме производи со највисок квалитет, применувајќи најсовремени технологии и деловни стандарди.

# ПОРАКА ОД ГЕНЕРАЛНИОТ ДИРЕКТОР/ ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА „АЛКАЛОИД“ АД СКОПЈЕ

* Овој документ насловен „Код на етичко и деловно однесување“ не е работен договор и истиот може да биде променет од страна на Менаџментот на Алкалоид во кое било време.



## Почитувани колешки и колеги,

Производите на „Алкалоид“ се дел од секојдневието на милиони луѓе во земјите каде што компанијата има воспоставено свои деловни операции. Секој производ што го носи логото на „Алкалоид“ е синоним за квалитет, за традиција и за вложен труд на преку илјада вработени и генерации на Алкалоидовци, кои пред нас ги граделе компаниските вредности. Но, во исто време, огромна е одговорноста да се задржи тој кредибилитет.

Имиџот на секоја компанија не го градат скапите маркетиншки кампањи или шарените пакувања на производите. Тој имиџ, тие компаниски вредности и тој кредибилитет се рефлексија на организациската култура, во која треба да постојат точно дефинирани правила на однесување на секој вработен и на секој соработник, кој на некој начин е вклучен во компаниските процеси на кое било ниво. Затоа го дефиниравме „Кодот на етичко и деловно однесување“, кој претставува сублимат на правила за однесување на работното место, кои треба да бидат и референција за сите вработени за нивно поуспешно справување со секојдневните работни предизвици на професионален и на етички начин.

Сите ние, како дел од глобално ориентираната приказна на „Алкалоид“, треба да придонесеме за успешно реализирање на компаниските процеси и секој вработен со своето однесување треба да ја манифестира својата цврста волја, намера и подготвеност да придонесе за непречено и за уште поефикасно спроведување на компаниската визија и мисија. За мене, како Генерален директор на „Алкалоид“, не постои повисок приоритет од високопрофесионален и етичен пристап во работењето од страна на вработените во компанијата, без оглед на тоа од која земја потекнуваат и на која позиција работат.

Ви благодарам што сте дел од успешната приказна на „Алкалоид“ и им се радувам на идните заеднички поголеми успеси и на уште повисоките достигнувања!

„Алкалоид“ АД Скопје
Живко Мукаетов
Генерален директор и
Претседател на Управниот одбор



# СОДРЖИНА


## НАШИТЕ КЛУЧНИ ВРЕДНОСТИ 8

Луѓето пред сè 9

Интегритет и чесност 10

Ги креираме најдобрите резултати заедно 11

Лидерство базирано на вредности 12

## НАШИОТ КОД НА ОДНЕСУВАЊЕ 14

Што значи Кодот на етичко однесување? 15

Зошто го имаме Кодот? 15

Кој сè мора да го следи? 15

Нашата улога 15

## НАШЕТО ЛИДЕРСТВО 16

Улогата на нашите лидери во градењето високи етички стандарди 17

Важноста на лидерите во спроведување на Кодот 18

Прва линија за информација и за поддршка во однос на спроведувањето на Кодот 19

## ПОСОЧУВАЊЕ НА НЕЕТИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ (ПРЕКРШУВАЊЕ НА КОДОТ) 20

Истапи и зборувај – биди гласот на интегритетот 24

Офицер за корпоративна усогласеност 26

## НАШИТЕ ЛУЃЕ 28

Интегритет 30

Фер третман на сите вработени 32

Мобинг 34

Високите очекувања и нашата улога 36

Конфликт на интереси 37

Вработување во „Алкалоид“ 39

## НАШИТЕ ДЕЛОВНИ АКТИВНОСТИ / ЗАИНТЕРЕСИРАНИ СТРАНИ / НАДВОРЕШНА УСОГЛАСЕНОСТ 40

Подароци и понуди за услуга (забава) 42

Спречување корупција, подмитување и перење пари 44

Финансиско известување, сметководство и даноци 46

Тргување со акции и внатрешни информации 48

Заштита на лични податоци 49

Општествена одговорност 51

Нашата заедница 51

Заштита на животната средина 52

Почитувајте ги нашите деловни партнери и конкуренцијата 53

Комуникација со државни органи и со претставници 54

Јавни набавки / тендери 55

## ВНАТРЕШНА УСОГЛАСЕНОСТ 56

Да ги заштитиме нашите средства, доверливи информации и интелектуалната сопственост 58

Код на облекување 60

Безбедност и заштита при работа 62

Управување со е податоци и сајбер-безбедност 64

Социјални медиуми 66

Комуникација со медиуми и со заинтересирани страни 68

Интерна комуникација 69

## ФАРМАЦЕВТСКА УСОГЛАСЕНОСТ 70

Интеракција со здравствените работници 72

Етичка промоција 74

Завршна порака 76

Листа на референтни документи 77

# НАШИТЕ КЛУЧНИ ВРЕДНОСТИ

- Луѓето пред сè
- Интегритет и чесност
- Ги креираме најдобрите резултати заедно
- Лидерство базирано на вредности



# ЛУЃЕТО ПРЕД СÈ

Ги прифаќаме различните погледи на луѓето со **почит** и со достоинство. Ја промовираме различноста со восхит и со емпатија, независно од позицијата во компанијата, потеклото, возраста, од полот, вредностите, погледите или од интересите на таа личност. Ги препознаваме разликите кај луѓето како шанса да научиме нешто ново и да пристапуваме поинаку кон работите.

За да покажеме дека сите се значајни, мора да бидеме целосно **транспарентни** со колегите, клиентите, соработниците, со инвеститорите, надворешните партнери, владините институции, со заедницата итн.

Транспарентноста гради **доверба**, а довербата е темел на која се потпираме. Оваа доверба се однесува на секого со кого комуницираме, независно на кое е ниво, и претставува клуч при воспоставувањето и при развојот на внатрешни и на надворешни односи, бидејќи е основа на **добрата комуникација**.

Користиме **емпатија** и **активно слушање** за да ја разбереме перспективата на другото лице, независно од тоа дали се согласуваме со него или не. Покажуваме желба да ги запознаеме и да ги разбереме нашите колеги.

Активно се вклучуваме во заедницата и во добротворните настани, како поединци и како организација, и постојано ги охрабруваме нашите вработени да враќаат кон заедницата. Одговорни сме, донираме дел од нашите ресурси и силно веруваме дека наша одговорност е да ѝ **враќаме на заедницата во која живееме** и во која работиме.

*People above all*

Ги прифаќаме различните погледи на луѓето со почит и со достоинство

Интегритетот за нас е темел на доброто лидерство

Integrity & Honesty

# ИНТЕГРИТЕТ И ЧЕСНОСТ

Се обидуваме секогаш правилно да работиме и да го спроведуваме она за кое велиме дека ќе го правиме. Се трудиме да ја добиеме **довербата** на другите преку доследно однесување, во согласност со високите етички норми, вредности и заложби на компанијата. Преземаме **одговорност за своите активности**. Имаме силно чувство за тоа што е правилно, а што не е правилно и секогаш настојуваме да ги правиме вистинските работи.

**Интегритетот** за нас е темел на доброто **лидерство**, со што покажуваме дека оваа вредност е база за стекнување доверба со сите наши засегнати страни. Да се работи со интегритет значи дека секогаш треба да се изврши работата правилно, дури и кога е тоа тешко изводливо.

Ние сме сите амбасадори на „Алкалоид", претставувајќи ја компанијата на различни нивоа и преку различни интеракции со сите засегнати страни. Ние ја преземаме одговорноста да се однесуваме како модел градејќи силни и одржливи односи во организацијата, базирани на висок **морал и чесност**. Интегритетот за нас претставува водечки принцип на сите нивоа и во сите активности во рамките на „Алкалоид" и ние работиме напорно да создадеме околина и работна клима каде што ќе цвета интегритетот.

Да дејствуваме со интегритет значи да се осигураме дека секоја одлука е донесена врз основа на крајно етички и морални принципи. **Довербата и чесноста** се клучните елементи на концептот за интегритетот во „Алкалоид". На работното место, вработените кои дејствуваат со интегритет секогаш ја кажуваат вистината; тие ја прават вистинската работа, дури и кога никој не ги гледа.

# ГИ КРЕИРАМЕ НАЈДОБРИТЕ РЕЗУЛТАТИ ЗАЕДНО

Нашите луѓе постојано ги надминуваат очекувањата. Тие напредуваат и преземаат активности за да ги задоволат потребите на клиентите, тие се трудат да направат дополнителен чекор за секоја своја задача, активност или проект.

Нашите вработени се **лидери** кои покажуваат **посветеност и страст** кон својата работа, водени од сопствениот пример и се фокусирани кон целта.

Се потпираме на **традиција**, изградена и одржувана со децении, агилни сме, ги прифаќаме сите промени и ги гледаме нивните придобивки.

Нашите луѓе секогаш го даваат својот максимум во работата, со постојано учење нови вештини и компетенции, што придонесува компанијата постојано да се движи нагоре.

Се трудиме секогаш да бидеме **иновативни** и да ги стимулираме и да ги наградуваме креативноста и претприемништвото кај нашите вработени.

Еден од клучевите за успешен бизнис се активно и целосно вклучени и ангажирани вработени. Линиските менаџери го ценат нивото на посветеност што нашите вработени го даваат во работењето и им помагаат да бидат горди и свесни за тоа што го постигнуваат за компанијата. Нашите вработени се самомотивирани да работат напорно кон остварувањето на заедничката цел.




Еден од клучевите за успешен бизнис се активно и целосно вклучени и ангажирани вработени




# ЛИДЕРСТВО БАЗИРАНО НА ВРЕДНОСТИ

Нашите **лидери** влијаат и врз вредностите во нашата компанија. За да се развиваме правилно, лидерите треба да ги наметнуваат вредностите. Ние зборуваме за одговорно лидерство, кое е спој на посветеност, решителност и на разбирање за вработените. Вредностите се водечки принципи на дејствување во нашата компанија. Ги охрабруваме лидерите во нашата компанија да ги бираат своите вработени, освен врз база на компетенции, и врз база на вредности, а **штом имаме совпаѓање на животните вредности со оние на компанијата, зборуваме за идеална врска**.

Нашите лидери секогаш **тргнуваат од самите себе**, размислуваат за што се залагаат и кои се нивните вредности. Тие континуирано работат да се запознаат самите себе, да бидат сигурни дека можат да влијаат најпрвин врз себе, за да можат да влијаат и врз другите.

Нашите лидери постигнуваат **рамнотежа**, односно имаат гледиште од повеќе перспективи и од повеќе различни погледи за да добијат целосно разбирање. Рамнотежа значи дека ги гледате сите страни и ставови со отворен ум.

Нашите лидери имаат **вистинска самодоверба** прифаќајќи се такви какви што се. Ги препознаваат своите предности и слаби страни и се стремат кон континуирано подобрување. Преку вистинска самодоверба, нашите лидери се свесни дека секогаш ќе има луѓе кои се повеќе компетентни, реализирани, успешни или слични на нив, но тие, исто така, се свесни каде припаѓаат и ги препознаваат и ги ценат разликите.

Нашите лидери никогаш не заборавaат кои се и од каде потекнуваат. Тие остануваат скромни и во моментите кога доживуваат големи успеси во компанијата. **Вистинската скромност** ни помага да ја цениме секоја личност со која се среќаваме и да се однесуваме со почит кон сите.

За да останеме конкурентни и успешни, нашите лидери треба да ги регрутираат и да се трудат да ги задржат најдобрите таленти во компанијата. За да го сторат тоа, ги охрабруваме да **ја негуваат меритократијата**, односно да ги ангажираат, да ги наградуваат и да ги промовираат најдобрите луѓе, засновано врз нивната заслуга и придонес во работата.

Како лидери, ние сме одговорни пред самите себе, пред вработените и пред претпоставените. **Моралното и етичко однесување започнува со оние кои се на врвот**, а се пресликува надолу, со што се поттикнува и се гради силна корпоративна култура во „Алкалоид“.

Ние зборуваме за одговорно лидерство, кое е мешавина на посветеност, решителност и на разбирање за вработените



# НАШИОТ КОД НА ОДНЕСУВАЊЕ

- Што значи Кодот на етичко однесување?
- Зошто го имаме Кодот?
- Кој сè мора да го следи?
- Нашата улога



## ШТО ЗНАЧИ КОДОТ НА ЕТИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ?

Кодот на етичко и деловно однесување(во натамошниот текст Кодот) е изграден врз основа на нашите **клучни вредности** и негова основна задача е да нè води кон посакуваното однесување.

Кодот, заедно со нашите **клучни вредности** – политиката на интегриран менаџмент-систем на „Алкалоид" (корпорациските политики / процедури) и, секако, законската регулатива во средината во која работиме, претставува еден од основните столбови врз кои се гради позитивниот углед на нашата компанија.

## КОЈ СÈ МОРА ДА ГО СЛЕДИ?

Сите вработени во „Алкалоид", како и во капитално поврзаните друштва и претставништва, се должни да го следат и да се однесуваат во согласност со Кодот.

Одговорност на секој вработен е да го познава и да го почитува Кодот. Заедно со нашите **клучни вредности** и со корпорациските процедури, дефинирани во интегрираниот менаџмент-систем на компанијата, Кодот ни помага да ги донесеме вистинските одлуки и да преземеме правилни активности во рамките на секојдневното извршување на работните задачи.

Сите соработници (физички и правни лица) кои спроведуваат активности во име на „Алкалоид", исто така, се должни да го следат и да го почитуваат Кодот.

## ЗОШТО ГО ИМАМЕ КОДОТ?

Кодот ни помага да ги донесеме вистинските одлуки и да преземеме соодветни активности. Со почитувањето на Кодот се создава средина во која може да дадеме сè од себе и да се гордееме со работата што ја работиме, со предизвиците што ги надминуваме и со успесите што ги постигнуваме – сето тоа бидејќи работиме етички, законски и со интегритет.

Кодот јасно ги искажува очекувањата на „Алкалоид" за нашето етичко однесување, ги поставува стандардите за деловно однесување и ни обезбедува практични насоки, примери и референции за дополнителни корисни информации (корпоративни политики / процедури, законска регулатива, политика на интегриран менаџмент-систем на „Алкалоид" и др.)

## НАШАТА УЛОГА

Нашиот добар углед е во ваши раце!

Без оглед на тоа што работите или, пак, каде ја извршувате својата работна задача, вие сте „Алкалоид". Имајте го тоа на ум додека носите одлуки, додека ја спроведувате секоја трансакција, додека градите бизнис-релации, додека го произведувате секој производ и уверете се дека вашите активности секогаш ги одразуваат нашите **клучни вредности**, дека го следат нашиот Код и дека се во согласност со компаниските политики и процедури, како и со законската регулатива на земјата во која работите. Тоа е најдобар начин да го заштитиме угледот што заедно го градиме.

Нашиот углед е голем влог во иднината и зависи од секој поединец кој работи во и со нашата компанија, во која било земја каде што „Алкалоид" има свои операции.

Нашиот Код и нашите политики / процедури не можат да ни дадат одговор на секое прашање, односно не ги покриваат сите ситуации во кои може да се најдеме за време на извршувањето на нашите работни задачи. Тој не претставува замена за нашите индивидуални одговорности, постапки и одлуки поврзани со здравиот разум.

Наша обврска е да ги научиме и да ги разбереме законските и компаниските барања, како и стандардите поврзани со одговорноста на нашето работно место.

# НАШЕТО ЛИДЕРСТВО

- Улогата на нашите лидери во градењето високи етички стандарди
- Важноста на лидерите во спроведување на Кодот
- Прва линија за информација и за поддршка во однос на спроведувањето на Кодот



# УЛОГАТА НА НАШИТЕ ЛИДЕРИ ВО ГРАДЕЊЕТО ВИСОКИ ЕТИЧКИ СТАНДАРДИ

За нас во „Алкалоид“ усогласеноста со високите етички стандарди е една од клучните обврски на линиските менаџери. Всушност, во многу случаи, неусогласеноста со етичките стандарди е последица на лошото менаџирање и/или на отсуството на лидерство.

Наша цел како лидери е да се трудиме постојано да бидеме во комуникација со нашите вработени за кои сме одговорни. Затоа, ние внимателно ги бираме нашите вработени, ги развиваме, правилно ги насочуваме и ги мониторираме во однос на начинот на кој ги извршуваат и ги исполнуваат своите задачи.

За нас во „Алкалоид“ не се важни само резултатите, туку и начинот на кој се остварени. И во текот на оценувањето на вработените, линиските менаџери се должни да обрнат внимание дали резултатите се усогласени со нашите етички норми и принципи. Оттука и нашите заложби одат во правец на обезбедување соодветно знаење за менаџерите, со што им овозможуваме да ги исполнат очекувањата и своите цели и задачи. Од нив се очекува да вклучат аспекти на усогласеност со корпоративните етички стандарди и принципи во проценката на успешноста на своите вработени. Следењето и почитувањето на високите етички стандарди е една од клучните функции на нашите менаџери.

# ВАЖНОСТА НА ЛИДЕРИТЕ ВО СПРОВЕДУВАЊЕТО НА КОДОТ

Доколку управувате со други вработени и доколку носите посебна и важна одговорност да дадете пример и да постапувате на начин што е во согласност со нашиот Код, од вас се очекува да ги следите следните начела:

- да поставите личен пример за интегритет, не само преку зборови туку и преку вистински активности базирани на висок интегритет и морал;
- да работите постојано на своите компетенции и да дејствувате како модел, покажувајќи етичност при извршувањето на сите ваши должности и задачи;
- да креирате култура на усогласеност со нашите корпоративни, етички стандарди и принципи, во која нашите вработени ќе ги разберат своите одговорности во однос на почитувањето и на дејствувањето според Кодот;
- да бидете сигурни дека вработените се свесни и соодветно обучени околу Кодот, политиките на компанијата и околу релевантните локални закони;
- да изградите доверба и да ги охрабрите вработените да споделуваат грижи за евентуално прекршување на Кодот, без да се плашат од каков било реваншизам;
- постојано да се залагате во правец на спречување, откривање и на решавање на случаите каде што постои прекршување на Кодот и
- да го препознаете и да го наградите етичкото однесување на нашите вработени.

# ПРВА ЛИНИЈА ЗА ИНФОРМАЦИЈА И ЗА ПОДДРШКА ВО ОДНОС НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА КОДОТ

Како линиски менаџери[1] и лидери, важно е да постигнете значајно ниво на знаење и на интегритет и да бидете прва линија за информација, каде што вработените ќе може да добијат соодветна, опширна и точна информација во врска со Кодот. Вие сте клучна алка во почитувањето и во спроведувањето на Кодот. Вработениот секогаш треба да се чувствува сигурно и уверено дека со пристапувањето кон вас ќе може да сподели загриженост за прекршување или да побара дополнително појаснување за насоките прикажани во Кодот.

*[1] Низ содржината на овој код може да сретнете изрази што го опишуваат нивото на кое се наоѓа предметниот менаџер, а објаснувањето за нив е следно:*
*- „линиски менаџер“ – овој термин се однесува на директно претпоставениот менаџер и*
*- „второ ниво на менаџмент“ – овој термин се однесува на менаџерот кој се наоѓа над линискиот менаџер.*

# ПОСОЧУВАЊЕ НА НЕЕТИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ (ПРЕКРШУВАЊЕ НА КОДОТ)

- Истапи и зборувај – биди гласот на интегритетот
- Офицер за корпоративна усогласеност



„Алкалоид“ е посветен извршувањето на сите свои деловни операции да бидат со интегритет и во согласност со Кодот. Неетичко однесување (прекршувањето на Кодот) на кој било вработен, вклучително и менаџер во „Алкалоид“, нема да се толерира.

Доколку кој било вработен, вклучително и менаџер од кое било ниво, ги прекрши Кодот, политиките на компанијата или локалните закони, ќе биде соодветно санкциониран од посебно тело формирано за таа цел, т.е. од Комисија за корпоративна усогласеност. За решавање на повредата од Комисијата за корпоративна усогласеност ќе бидат преземени сите активности, вклучувајќи корективни и превентивни мерки, со цел спречување појава на слични настани во иднина.

Ние сме посветени на соодветно постапување со секој случај на неетичко однесување (прекршување на Кодот) преку следниве активности:

- сите пријави ќе бидат третирани искрено;
- секое пријавување ќе биде испитано компетентно и навремено;
- вреднувањето на фактите и на доказите ќе се врши објективно и независно и
- ќе се преземат соодветни корективни и превентивни чекори, кои содржат советување, обука, дисциплински активности, па сè до прекин на работниот однос.

Управувањето со ваквите случаи е главен дел од нашиот процес на усогласеност со Кодот, со политиките на компанијата и со локалните закони.

Се претпоставува дека секој вработен за кого се води постапка не го повредил Кодот сè додека собраните докази од постапката не потврдат повреда на Кодот.

Целокупната постапка за утврдување на повреда на Кодот ја спроведува Комисијата за корпоративна усогласеност, во согласност со точно утврдените правила и принципи и во нејзини рамки определува соодветна корективна мерка или санкција.

Секој случај на неетичко однесување ќе биде пријавен и заведен во системот за евидентирање прекршоци на Кодот.

## ШТО СЕ ОЧЕКУВА ОД НАС?

- Секогаш кога некој ќе забележи или кога е свесен за однесување што е спротивно на Кодот, на Алкалоидовите политики или на локалниот закон од страна на Алкалоидов вработен или од менаџер ние го охрабруваме искрено да го посочи таквото прекршување.
- Од сите нас се очекува целосна соработка со лицата што ја водат постапката за да се обезбедат сите докази, со цел да се потврди дека нашите постапки биле во согласност со Кодот, со политиките на нашата компанија или со локалните закони.

**Дилема:** Како треба да постапам доколку мојот линиски менаџер инсистира да преземам активности што се во спротивност со Алкалоидовите политики на интегритет?

**Одговор:** Доколку вашиот линиски менаџер инсистира на активност што е во спротивност со Алкалоидовите политики на интегритет, тогаш вие треба да го посочите овој случај преку некој од каналите за посочување на неетичко однесување.

## ШТО ТРЕБА ДА ЗАПОМНИМЕ?

- Треба да го дадеме нашиот максимум во спречувањето на случаите на неетичко однесување во иднина.
- Се очекува да соработуваме максимално со лицата вклучени во постапката за евентуално нарушување на Кодот и да бидеме сигурни дека имаме соодветни докази за случајот.
- Компанијата ќе преземе соодветни корективни мерки и санкции доколку сме се соочиле со несоодветно етичко однесување на наш вработен.

**Дилема:** Постои конфликт меѓу она што е пропишано во нашиот Код и законската регулатива во земјата каде што работам. Не сум сигурен што да правам.

**Одговор:** Најдобар пристап е да се следат построгите барања, но доколку, сепак, имате дилема, побарајте насоки од Правната служба/Служба за корпоративна усогласеност на „Алкалоид“.

# ИСТАПИ И ЗБОРУВАЈ – БИДИ ГЛАСОТ НА ИНТЕГРИТЕТОТ

Да се биде глас на интегритетот не е секогаш лесно, но на овој начин ги посочуваме грижите за неетичкото однесување, ја правиме нашата компанија посилна и ги штитиме колегите од повреда на нивниот интегритет.

Не треба секогаш да бидеме уверени дека се случила повреда на Кодот. Но, во исто време, сите ние имаме обврска да покажеме загриженост кога ќе видиме ситуација во која не се почитуваат нашите корпоративни принципи или политики за интегритет.

Секој што ќе сподели информација со добра намера е заштитен од непријатни ситуации што произлегуваат од нивното споделување. За таа цел, нашите вработени имаат пристап до разни начини на известување за оваа намена. Доколку се работи за загриженост за евентуално неетичко однесување, истото може да му се предочи на линискиот менаџер на вработениот или на втората линија на менаџментот, каде што е применливо. Доколку пак се работи за пријавување на повреда на Кодот, истото се врши кај офицерот за корпоративна усогласеност, на локално ниво, доколку е таков назначен, и/или на офицерот за корпоративна усогласеност на корпоративно ниво, преку посочените канали на комуникација со него. Пријавата може да биде и анонимна, доколку е тоа потребно, а „Алкалоид“ гарантира за безбедноста на пренесените информации преку компаниската веб-форма AlkaSpeakUp. За сите пријави за повреда на Кодот, во соодветна постапка, одлучува Комисијата за корпоративна усогласеност на „Алкалоид“, чии членови се назначени од Управниот одбор на „Алкалоид“.

Доверливоста максимално се почитува, но, исто така, во оваа постапка може да одлучите да останете анонимни. Во случај да се идентификувате, ќе бидете од голема помош за соодветно водење на истрагата. Вашиот идентитет и информациите ќе се споделуваат само во случаи каде што е тоа неопходно. Каков било тип реваншизам кон оној што ќе сподели загриженост за прекршување на нашите етички принципи претставува основа за дисциплинска постапка, која вклучува и прекинување на работниот однос.

## ШТО СЕ ОЧЕКУВА ОД НАС?

- Доколку постои загриженост за прекршување на корпоративните принципи или на политиките за интегритет, најдобро е да зборуваме со нашиот линиски менаџер лично.
- Доколку не се чувствуваме пријатно да зборуваме со нашиот линиски менаџер, во тој случај може да искомуницираме со втората линија на менаџмент, каде што е применливо, како и со офицерот за корпоративна усогласеност. Пријавата на повредите на Кодот се врши преку посочените канали на комуникација со офицерот за корпоративна усогласеност (веб-формата AlkaSpeakUp нуди можност за анонимно пријавување доколку е тоа потребно).

**Дилема:** Дали е во интерес на „Алкалоид“ доколку истапам и зборувам за можно прекршување на Кодот?

**Одговор:** Секако. Потребно е менаџментот во „Алкалоид“ да биде свесен за каква било активност што предизвикува нарушување на корпоративниот интегритет, за да може да ја третира соодветно и на доверлив начин. Со тоа вие дејствувате во согласност со нашите **клучни вредности** и компаниски политики.

## ШТО ТРЕБА ДА ЗАПОМНИМЕ?

- Истапувањето и споделувањето на грижите за евентуално прекршување на Кодот е вистинска работа за секој одговорен вработен и тој заслужува признание. На овој начин тој се штити себеси, своите колеги и ги штити правата и интересите на „Алкалоид“.
- Се очекува линиските менаџери во „Алкалоид“ да создадат средина на доверба што ги охрабрува вработените да зборуваат и да помогнат во справувањето со прашањата поврзани со кршењето на Кодот.

# ОФИЦЕР ЗА КОРПОРАТИВНА УСОГЛАСЕНОСТ

Офицерот за корпоративна усогласеност во „Алкалоид“ е целосно посветен на активности што водат кон осигурување дека нашите луѓе ги разбираат и дека ги следат етичките начела посочени во нашиот код. Офицерот за корпоративна усогласеност е лице контакт за сите вработени, акционерите во компанијата, нашите деловни партнери и клиенти во врска со прашања и со дејствувања поврзани со нашиот Код, како и лице кое директно ги прима пријавите за повреда на Кодот. Сите вработени во „Алкалоид“ и во капитално поврзаните друштва и претставништва, за сите работи од надлежност на офицерот за корпоративна усогласеност на „Алкалоид“, може да контактираат со него преку:

- веб-формата AlkaSpeakUp на „Алкалоид“ за пријавување повреда на Кодот, поставена на интернет страната на „Алкалоид“ (www.alkaloid.com.mk), која дава можност и за анонимно пријавување;
- јавување на телефонскиот број +38972918245 (телефонски број на Офицерот за Корпоративна усогласеност) и преку
- електронска пошта на следнава адреса: complianceofficer@alkaloid.com.mk

По приемот на пријава за повреда на Кодот, офицерот за корпоративна усогласеност ја проследува до Комисијата за корпоративна усогласеност, тело кое ја води постапката и кое одлучува по пријавите за повреда на Кодот. Офицерот за корпоративна усогласеност воедно е и член на Комисијата за корпоративна усогласеност и активно и професионално учествува во постапката за утврдување постоење на повреда и евентуално утврдување на санкција за повредата.

Во сите поголеми капитално поврзани друштва на „Алкалоид“, каде што е тоа применливо, се назначени локални офицери за корпоративна усогласеност, а таму каде што не се назначени таа функција ја извршува директорот на поврзаното друштво. Лицата одговорни за локална усогласеност се во тесна координација и во постојана комуникација со офицерот за корпоративна усогласеност на „Алкалоид“ и ги имаат следните одговорности:

- даваат поддршка во спроведувањето на Кодот на етичко и деловно однесување на „Алкалоид“;
- претставуваат лице за контакт, помош и совет за вработените, доколку се сомневаат во прекршување на Кодот;
- ја следат усогласеноста на локалното друштво со важечките локални закони, прописи и кодекси во земјата во која дејствуваат;
- вклучени се во обезбедувањето високо ниво на знаење на локалното друштво, преку разни обуки, едукации и контрола на знаењата поврзани со Кодот;
- му се поддршка на линискиот менаџмент во спроведувањето на Кодот и на локалните процеси за интегритет;
- учествуваат во размена на искуства со офицерот за корпоративна усогласеност, со цел постојано подобрување на корпоративните и на локалните практики во спроведувањето и во почитувањето на Кодот и
- ги охрабруваат вработените да истапат и да зборуваат доколку имаат загриженост околу усогласеноста со Кодот и со локалните практики во земјата во која работат.

## ШТО ТРЕБА ДА ЗАПОМНИМЕ?

Доколку не се чувствуваме удобно да контактираме со нашиот линиски менаџер или со втората линија на менаџмент, каде што е тоа применливо, за прашања поврзани со усогласеноста на Алкалоидовиот Код или на локалните политики, во тој случај локалниот офицер за корпоративна усогласеност или вршителот на оваа функција ќе ви даде помош и совети како да постапите.

Доколку не сакаме да контактираме со локалното раководство за теми поврзани со усогласеноста со Кодот и со локалните политики, тогаш може да контактираме директно со офицерот за корпоративна усогласеност на „Алкалоид“, преку посочените канали на комуникација со него, а доколку сакаме тоа да биде анонимно, може да го направиме преку користење на веб-формата AlkaSpeakUp.

# НАШИТЕ ЛУЃЕ

- Интегритет
- Фер третман на сите вработени
- Мобинг
- Високите очекувања и нашата улога
- Конфликт на интереси
- Вработување во „Алкалоид“





## ШТО ПРЕТСТАВУВА?

Нашите луѓе се наша најголема вредност. Ние постојано се грижиме на нашите вработени, да им обезбедиме најдобри можни услови и третман во компанијата. Инвестираме во личниот развој на секој вработен и се грижиме за унапредување на нивните знаења и вештини за да им овозможиме континуиран личен напредок и раст во „Алкалоид“.

## ЗОШТО Е ЗНАЧАЈНО?

Во „Алкалоид“ ги цениме и ги почитуваме различностите од аспект на знаење, вештини, искуство и на индивидуални карактеристики, кои ја збогатуваат нашата работна средина и кои нè водат кон подобри одлуки и решенија.

## КАКО ГО ПРАВИМЕ ТОА НИЕ?

Нашите **клучни вредности**, заедно со Кодот, дефинираат како се однесуваме еден кон друг, како ја одржуваме безбедноста на својата работна средина, како се грижиме за здравјето на своите вработени и како обезбедуваме еднакви можности за своите вработени.

# ИНТЕГРИТЕТ

**Личниот интегритет** е базиран на вредностите и на принципите што самите ги носиме во себе. Претставува белег на личноста која се води од силни морални и етички принципи во секојдневното дејствување.

Секој од нас е должен да носи одлуки што се засноваат на крајно етички и морални принципи и што се тесно поврзани со нашиот личен интегритет. Таа наша придобивка ни дава уште поголема одговорност да внимаваме на нашите чекори и акции. Очекуваме нашите вработени да ги живеат компаниските **клучни вредности** како дел од своите лични вредности.

Во ситуации во кои може да биде доведено во прашање здраворазумското расудување остануваме на нозе и определени во носењето исправна одлука, бидејќи високите стандарди на морални и етички принципи ни се водилка што ја носиме секој ден со себе.

**Дилема:** Дел сум од учесниците во пописната комисија во магацините. При попишувањето на ставките, дел од нив недостигаат, а потребно е да се потпишам дека физички се таму, што јас не можам да го верификувам како податок. Што да правам?

**Одговор:** Никогаш не сокривајте неточни информации, кои можат да го загрозат вашиот и угледот на компанијата! Посочете им дека давањето погрешни информации и сокривањето ставки што не може физички да се лоцираат не треба да се внесат во извештајот за попис. Доколку, сепак, ве наведуваат да се потпишете на извештај со неточни информации, обратете се до втората линија на менаџментот, каде што е применливо, или пријавете му на офицерот за корпоративна усогласеност преку посочените канали на комуникација со него.

**Корпоративен интегритет** претставува водење на деловните операции преку почитување на сите применливи закони и регулативи, како и на високите стандарди за интегритет поставени од „Алкалоид“. Почитувањето на овие стандарди е важно начело, кое води кон континуиран успех во нашето дејствување.

Сите наши заинтересирани страни очекуваат да се однесуваме со интегритет при извршувањето на секојдневните деловни активности. Придржувањето до нашите високи стандарди за интегритет понекогаш може негативно да влијае врз нашите резултати. Но, сепак, ние сметаме дека не се секогаш најважни резултатите, туку како се постигнати тие резултати.

Секој од нас, преку секојдневното однесување, влијае врз Алкалоидовиот интегритет. Бидејќи „Алкалоид“ е глобална компанија, нарушувањето на интегритетот од кој било вработен, каде и да ги извршува своите деловни активности, може негативно да влијае врз целокупниот углед.

**Дилема:** Мојот претпоставен ми даде насока да направам нешто што, според мене, не е во согласност со компаниските стандарди за интегритет. Што да направам?

**Одговор:** Споделете го својот сомнеж со претпоставениот (за ова е потребна храброст, но тоа е правилно). Запомнете дека единствено вие сте одговорни за своето однесување и постапки. Доколку претпоставениот инсистира да не се сподели сомнежот, тогаш обратете се до втората линија на менаџментот, каде што е применливо, до локалното лице одговорно за корпоративна усогласеност или, пак, пријавете му директно на офицерот за корпоративна усогласеност, преку посочените канали на комуникација со него.

# ФЕР ТРЕТМАН НА СИТЕ ВРАБОТЕНИ

Во секојдневната комуникација, како и при изборот на соработниците, партнерите, кандидатите за вработување, како и на клиентите, ние застапуваме политика на недискриминација по сите основи, односно, во согласност со нашите **клучни вредности**, ја промовираме различноста со восхит и со емпатија, независно од позицијата во компанијата, потеклото, националната / етничката и религиската припадност, од возраста, јазикот, расата, полот, социјалниот статус, од менталната или телесната попреченост, здравствената состојба, сексуалната ориентација, вредностите или од интересите на таа личност.

„Алкалоид", исто така, ги почитува начелата за заштита од злоупотреба на детскиот труд, во согласност со меѓународните стандарди.

Како глобална компанија, „Алкалоид", со својата распространетост во повеќе земји, се стреми кон почитување и им дава значајност на различностите кај секој поединец. Ги препознаваме разликите кај луѓето како шанса да научиме нешто ново и да пристапуваме поинаку кон работите.





**Дилема:** При неделното распределување на активностите, мојот претпоставен им додели работни задачи на сите колеги од тимот, освен мене. Истото се случува во континуитет изминативе неколку месеци, иако претходно сите доделени задачи ги извршував со точност во предвидениот временски рок. Што можам да направам?

**Одговор:** Изолирањето одделни членови од тимот, со цел предизвикување чувство на непријатност и на понижување, претставува неправеден третман. Разговарајте со својот претпоставен во врска со мотивите поради кои не делегира работни задачи до вас како и до другите колеги и обидете се да ја дознаете причината зошто ве изолира од тимот. Доколку не успеете да го разрешите конфликтот на мирен, професионален и на продуктивен начин, обратете се до втората линија на менаџментот, каде што е применливо, или пријавете му на офицерот за корпоративна усогласеност, преку посочените канали на комуникација (веб-формата AlkaSpeakUp нуди можност за анонимно пријавување доколку е тоа потребно).

## ШТО ТРЕБА ДА ЗАПОМНИМЕ?

„Алкалоид“ спроведува политика на еднаква можност и на еднаков третман за сите, создавајќи работна атмосфера во која секој поединец има можност да ги покаже своите вредности, а со тоа да придонесе за поголем компаниски успех. Водени од овие начела, ги прифаќаме различните погледи кај луѓето како предност во секојдневното функционирање.

Знаеме дека разликите кај другите се прилика да го прошириме нашиот спектар на знаења, вештини и на погледи кон светот. Различноста во размислувањето и во неговото споделување со оние покрај нас нè насочува кон носење поуспешни и поконструктивни одлуки.

# МОБИНГ

Секое однесување што претставува каков било облик на вознемирување на работното место, кое има цел да го понижува, исмева или да го злоупотребува вработениот, ќе биде третирано како мобинг. Мобингот може да се препознае и како психичко и како полово вознемирување.

Психичкото вознемирување претставува негативно однесување на поединец или на група, кое ги повредува достоинството, интегритетот, угледот и честа на вработениот, притоа побудувајќи чувства на страв кај вознемируваниот и непријатност, пониженост, каде што крајната цел може да биде повреда на физичкото и/или на менталното здравје.

Полово вознемирување е секое вербално, невербално или физичко однесување, во чија основа се однесувањата од полов карактер, кое за крајна цел има нарушување на достоинството на личноста подложна на полово вознемирување и предизвикување чувства на страв, непријатност и/или на пониженост кај неа.

Основно право на секој вработен е да работи во средина што е ослободена од секаков вид мобинг и без страв од реваншизам, доколку го посочи.

„Алкалоид“ го осудува секое такво однесување и не дозволува каква било форма на мобинг, без разлика на позицијата и на функцијата што ја извршува лицето што го врши мобингот.

Основно право на секој вработен е да работи во средина што е ослободена од секаков вид мобинг и без страв од реваншизам, доколку го посочи.

## КАКО ГО ПРАВИМЕ ТОА НИЕ?

- Не ги исмејуваме, понижуваме и навредуваме колегите.
- Не ги клеветиме колегите со цел да им наштетиме на нивниот углед и достоинство.
- Не се здружуваме со други колеги со цел вознемирување поединци или групи колеги.
- Не сме физички или вербално агресивни кон другите.
- Не упатуваме невкусни коментари, шеги, забелешки; не споделуваме несоодветни слики или текстови или се однесуваме на недоличен начин во контекст на сексуално вознемирување.
- Не бараме, инсистираме или уценуваме вработен со сексуална услуга.
- Не употребуваме финансиски и/или материјални услуги во работењето и во дејствувањето.
- Не споделуваме клучни информации со оние со кои работиме и/или соработуваме, а кои се потребни за исполнување на работните задачи, со цел намерно наведување на грешка.
- Не им делегираме намерно работни задачи на колегите во тимот, со цел изолирање одделни членови од тимот, доколку сме во улога на претпоставен.
- Алкалоид не поддржува доделување на несоодветни задачи за поседуваните квалификации, со цел изолирање на одделни членови од тимот, доколку сме во улога на претпоставен.

## ШТО СЕ ОЧЕКУВА ОД НАС?

Доколку сме сведок или сме дел од ситуација во која е вклучен мобинг, должни сме да се обратиме до нашиот линиски менаџер, до втората линија на менаџментот, каде што е применливо, или да му пријавиме на офицерот за корпоративна усогласеност, преку посочените канали на комуникација со него. (веб-формата AlkaSpeakUp нуди можност за анонимно пријавување доколку е тоа потребно).

Не смееме да вршиме мобинг или каква било злоупотреба врз нашите колеги. Од нас се очекува да се однесуваме достоинствено и одговорно кон сите оние со кои соработуваме.

# ВИСОКИТЕ ОЧЕКУВАЊА И НАШАТА УЛОГА

Поставувањето високи очекувања за нашите вработени ги зголемува шансите тие да бидат успешни во остварувањето на поставените лични цели, што ќе им овозможи постојан напредок и развој. Нашите вработени работат посветено и се трудат да вложат **дополнителен напор (extra mile)** во својата работа и во постигнувањето на своите цели. Од друга страна, вработените што ги постигнуваат своите цели го зголемуваат успехот на целата компанија. Успехот на компанијата е огледало на залагањето и на посветеноста на секој од нас.

Нашите вработени покажуваат **позитивен став кон работата** и своите задачи ги исполнуваат со чесност и со интегритет. Тие одговорно ја претставуваат нашата компанија и се однесуваат професионално и кога не се на својата должност. Ги следат поставените политики и процедури и при справување со проблеми или со комплексни задачи.

Ги споделуваме мисијата и визијата на „Алкалоид“ со секој вработен, посветувајќи особено внимание на посебната улога и на важноста што секој вработен ја има во нашата компанија, како и нашите очекувања од конкретното работното место, што помага и придонесува нашата мисија да стане реалност.

Нашите вработени сакаат да бидат **изложени на предизвици** за да се подобрат. Тие добиваат доверба, почит и одговорност за донесувањето одлуки во рамките на своите одговорности. Исто така, секој наш вработен ја разбира **важноста на својата улога** и како неговите одговорности влијаат врз нашата организација или врз одделот во кој работи.

Јасно комуницираме со секој нововработен за тоа какви се точно нашите очекувања и постојано ги повторуваме додека ги ориентираме и ги вклучуваме во нивната нова работа и во одговорностите.

Очекуваме нашите лидери да споделуваат **јасни очекувања** и постојано да комуницираат со нашите вработени и сето тоа да започне од нив. Тие им помагаат на нашите вработени да ја разберат **големата слика**, а со поголема слика ќе разбереме подобро зошто е важна нашата улога и ќе се посветиме полесно на своите задачи.

# КОНФЛИКТ НА ИНТЕРЕСИ

**Конфликт на интереси** претставува секоја ситуација во која доаѓа до судир на личните со компаниските интереси и цели и е поврзана со нашите професионални овластувања и должности. Исто така, конфликт на интереси претставува и секоја ситуација во која се вмешани интересите и целите на наш близок член на семејството или на наши пријатели со интересите на „Алкалоид“.

Конфликт на интерес се јавува во случај кога добиваме директна или идна лична корист и врз која нашите одлуки или преземени дејства можат да влијаат.

„Алкалоид“ поддржува и дава слобода на инвестиции и лично вклучување во социјалниот живот и во бизнис-врските со околината, но во никој случај не смееме да направиме лична корист која има конфликт на интерес со „Алкалоид“.

## ШТО ТРЕБА ДА ЗАПОМНИМЕ?

- Да избегнуваме ситуации во кои нашите лични интереси се во судир со компаниските интереси.
- Да не ја користиме нашата позиција во „Алкалоид“ за наша лична корист или за корист на нашите роднини или на блиските соработници.
- Секогаш да го информираме својот линиски менаџер за секој потенцијален или постоен судир на интереси. Важно е да можеме да препознаеме потенцијален конфликт што може да ни помогне да го избегнеме.
- Да го известиме својот линиски менаџер, втората линија на менаџментот, каде што е применливо, или да му пријавиме на офицерот за корпоративна усогласеност, преку посочените канали на комуникација со него, доколку сме свесни за постоењето конфликт на интереси во нашата работна средина. Неизвестувањето за потенцијален конфликт на интерес претставува прекршување на нашиот Код.
- Доколку постои сомнеж за постоење конфликт на интерес поврзан со нашиот линиски менаџер, должни сме да се обратиме до втората линија на менаџментот, каде што е применливо, или, да му пријавиме на офицерот за корпоративна усогласеност, преку посочените канали на комуникација со него.

**Дилема:** Како раководител на помал тим вработени, доделен ми е буџет за промоција на еден вработен од мојот тим за наредната година. Во мојот тим работи и синот на соседите, кои се во тешка материјална состојба, и знам дека ова покачување на плата би му одело во прилог, иако не е успешен во извршувањето на своите активности. Од друга страна, неговиот тимски колега во изминатиот период покажува одлични резултати при извршувањето на своите задачи. Во дилема сум кому да му ја дадам промоцијата.

**Одговор:** Промоцијата им се дава на вработените со цел наградување за изминатиот труд, како и мотивација за идни успеси. Одлуката да се помогне на другите е секогаш добра одлука. Но, во овој случај промоцијата треба да ја добие оној вработен чии резултати придонесуваат најмногу во работниот процес.

## ШТО СЕ ОЧЕКУВА ОД НАС?

Должни сме да избегнуваме секаква ситуација или личен интерес кој би можел да влијае врз нашата професионалност и независност при носењето на одлуките во текот на реализацијата на нашите работни обврски. Пред преземање каква било активност или ако постои дилема во врска со потенцијален конфликт на интерес, наша одговорност е да го известиме и да се консултираме со нашиот линиски менаџер или, пак, со втората линија на менаџментот, каде што е применливо, или со Службата за корпоративна усогласеност.








# ВРАБОТУВАЊЕ ВО „АЛКАЛОИД“

„Алкалоид“ негува стимулирачка средина, во која работат и придонесуваат вистински професионалци.

Ги цениме вештините што ги носите со себе и за нив бараме начин како може да се искористат во компанијата. Ви гарантираме дека ќе имате пристап до обуки и до тренинзи што ви се потребни за да се истакнете во својата работа и за да ви помогнеме да го исполните својот потенцијал.

На нашите потенцијални вработени им гарантираме менторство од искусни и од докажани професионалци, кои секојдневно ќе ги поттикнуваат да се чувствуваат ценето и вреднувано.

„Алкалоид“ се труди да обезбеди постојано подобрување на работното опкружување. Даваме еднаква можност за секој да може да се унапредува и да се развива, со цел да го реализира својот потенцијал и да придонесе за успехот на компанијата, но и во заложбата да им помагаме на другите.

За начините на кои можете да аплицирате со цел вработување, стипендии или практикантство, можете да погледнете повеќе на нашата веб-страница www.alkaloid.com.mk во делот за кариера.

# НАШИТЕ ДЕЛОВНИ АКТИВНОСТИ/ ЗАИНТЕРЕСИРАНИ СТРАНИ/ НАДВОРЕШНА УСОГЛАСЕНОСТ

- Подароци и понуди за услуга (забава)
- Спречување корупција, подмитување и перење пари
- Финансиско известување, сметководство и даноци
- Тргување со акции и внатрешни информации
- Заштита на личните податоци
- Општествена одговорност
    - Нашата заедница
    - Заштита на животната средина
- Почитувајте ги нашите деловни партнери и конкуренцијата
- Комуникација со државните органи и претставници
- Јавни набавки / тендери





## ШТО ПРЕТСТАВУВА?

„Алкалоид", заедно со своите капитално поврзани друштва, ја има привилегијата да ги спроведува своите деловни активности во повеќе земји. Во секоја од државите каде што ги извршуваме своите активности должни сме да ги познаваме и да ги почитуваме законите и законската регулатива, која го регулира нашето работење.

## ЗОШТО Е ЗНАЧАЈНО?

Нашата усогласеност со законите и со локалната регулатива ја покажува нашата посветеност кон етичко и кон транспарентно работење во заедниците каде што ги спроведуваме нашите активности. Исто така, секоја неусогласеност со законската регулатива може да резултира со индивидуални и со колективни (компаниски) казни, пенали, забрани и други лични или комерцијални дисциплински мерки.

## КАКО ГО ПРАВИМЕ ТОА НИЕ?

„Алкалоид", во рамките на својот интегриран менаџмент–систем, применува голем број корпоративни политики, процедури, правилници, кои заедно со редовните обуки и работилници им помагаат на вработените да се усогласат со законските барања. Правната служба/Службата за корпоративна усогласеност, Службата за обезбедување квалитет, Службата за човечки ресурси, Службата за финансии и Службата за внатрешна ревизија даваат насоки и се отворени за сите прашања поврзани со усогласеноста со законите што се однесуваат на нашето работење.

За секоја неусогласеност меѓу локалната законска регулатива и Кодот, должни сме веднаш да ја известиме Правната служба/Службата за корпоративна усогласеност/Службата за човечки ресурси и/или Службата за внатрешна ревизија.

# ПОДАРОЦИ И ПОНУДИ ЗА УСЛУГА (ЗАБАВА)

Како компанија, ние работиме во многу различни средини и опкружувања, каде што одредени активности (повремен подарок или понуда за забавни содржини) се израз на учтивост или одраз на општествените и на културните практики. Ние ги почитуваме културните норми до соодветен степен, во согласност со локалните закони и регулативи според кои работиме, но тие активности не смеат да ги прекршат нашите етички вредности.

Повремен подарок или понуда за забава честопати се смета за нормален дел од работењето, но понекогаш дури и добронамерниот подарок или понуда може да бидат несоодветни. Секој подарок или понуда за забавни содржини што создава чувство на обврска или што го загрозува вашето професионално расудување е несоодветен.

Не смееме да даваме или да прифаќаме подароци и услуги што можат да го загрозат нашиот личен интегритет или интегритетот и независноста на „Алкалоид".

Подароците или услугите што се даваат или што се примаат треба:

- да имаат номинална вредност, да бидат ретки и да имаат разумна деловна цел;
- да се во согласност со прифатените деловни практики за индустријата и за географската локација и да не се сметаат за раскошни;
- да бидат дозволени со закон и со политиките на давателот и на примателот;
- да не ги нарушат угледот и интегритетот на нашата компанија;
- да бидат точно евидентирани во нашите деловни книги и записи и
- не смее да се пари или парични средства (картичка за подароци, чек, заем или хартии од вредност).

Забрането е барање подароци или услуги од кој било вид. Ова не вклучува само предмети, туку и сите видови компензации. Во случај да добиеме понуда, не треба да се обврзуваме. Не смееме да користиме попусти или други дополнителни придобивки од добавувачите и од нашите деловни партнери, доколку тие не се достапни за пошироката јавност или за нашите колеги од „Алкалоид“.

Не прифаќаме понуди што можат да влијаат врз нашите деловни одлуки или што изгледаат несоодветно, дури и ако се во рамките на вредностите што може да бидат прифатливи за компанијата. Должни сме да му ги пријавиме овие ситуации на офицерот за корпоративна усогласеност.

Во случај да имаме каков било сомнеж или двоумење за примање или за одбивање на понуденото, потребно е да се обидеме веднаш да му ја презентираме ситуацијата на нашиот линиски менаџер или на Правната служба/Службата за корпоративна усогласеност и да побараме инструкции како да постапиме.

**Дилема:** Добив подарок од деловен партнер што знам дека не смеам да го прифатам. Што треба да направам?

**Одговор:** Вратете го подарокот на деловниот партнер и учтиво објаснете ја нашата политика.

**Еве неколку работи за кои треба да размислите доколку деловен партнер ви понуди подарок**

Дали е подарокот скромен или вообичаен и зошто го добивам?

Дали подарокот вреди повеќе од номиналната вредност?

Дали продавачот редовно дава подароци и како ќе влијае неговото прифаќањето врз околината?

Дали подарокот предизвикува чувство на обврска или, пак, го загрозува моето професионално расудување?

# СПРЕЧУВАЊЕ КОРУПЦИЈА, ПОТКУП И ПЕРЕЊЕ ПАРИ



Својот интегритет и принципите на фер однесување во деловните односи „Алкалоид“ ги рефлектира преку заложбите за елиминирање на корупцијата во сите форми. Ние сме должни да ги почитуваме сите прописи и другата применлива регулатива на Република Северна Македонија и/или на државите каде што е „Алкалоид“ присутен, а кои се однесуваат на поткуп, корупција и/или на модалитет на деловни активности со одделни физички лица и со правни субјекти. Во таа смисла, ние сме обврзани да ги познаваме аспектите од регулативата[2] која е применлива и која влегува во доменот на нашите работни задачи и одговорности, кои би можело да бидат квалификувани како коруптивни.

Вработените и линиските менаџери во „Алкалоид“ не смеат да исплатат материјални средства или да вршат каков било трансфер на вредности или на други придобивки во корист на претставници на деловните партнери или на јавни службеници, со цел да обезбедат или да задржат деловен однос или фаворизирачка позиција, како и да дадат подарок на јавен службеник со вредност повисока од онаа што е пропишана во применливото законодавство.

*[2]регулативата за спречување корупција, регулативата за лековите и за медицинските средства, регулативата за здравствена заштита, Кривичниот законик и екстериторијалните закони, како што се FCPA и UK Bribery act, кога се применливи.*



Наша должност е веднаш да му пријавиме на офицерот за корпоративна усогласеност каков било обид за поткуп од трети лица.

„Алкалоид“ редовно обезбедува обука за своите вработени за примена на регулативата поврзана со спречувањето корупција.

Вработените во меѓународните операции мора да знаат целосно да работат во согласност со меѓународните закони за антикорупција.

„Алкалоид“ работи во согласност со законската регулатива и целосно ја почитува за спречување перење пари и за финансирање тероризам, секаде каде што спроведува деловни активности.

Ние сме должни да ја обезбедиме потребната документација за потенцијалните купувачи, агенти и деловни партнери, која ќе ни потврди дека тие се вклучени во легитимни деловни активности и дека нивните средства доаѓаат од легитимни извори. При секоја соработка со нов деловен партнер, должни сме да се консултираме со Правната служба/Службата за корпоративна усогласеност.

Треба да имаме предвид дека перцепцијата е важна и дека во одредени ситуации нашето однесување би можело да се смета за поткупување или за давање несоодветна поволност, без оглед на нашата намера.

**Запомнете:** Едноставно поткупување на кого било, во која било организација (државна или приватна), на кое било ниво е секогаш погрешно и не е дозволено. Поткупувањето/поткупот не се однесува само на парични средства, туку на сè она што вклучува вредност (подароци, услуги, понуда за работа, заем, забава, патувања и др.)

# ФИНАНСИСКО ИЗВЕСТУВАЊЕ, СМЕТКОВОДСТВО И ДАНОЦИ

„Алкалоид" е компанија котирана на Македонската берза за хартии од вредност, која ги спроведува своите активности во повеќе земји. Во сите наши активности и трансакции ние мора да ги задржиме нашите книги и деловни записи точни, со цел обезбедување интегритет на нашите финансиски извештаи. Наша обврска (на сите вработени) е фер и објективно да создаваме и да известуваме финансиски и нефинансиски податоци и информации. Точните деловни записи се од суштинско значење за управување со компанијата и за одржување и зачувување на довербата на акционерите. Тие, исто така, му помагаат на „Алкалоид" да ја исполни обврската да обезбеди целосни, точни и навремени финансиски извештаи до јавноста.

Ние целосно ги почитуваме меѓународните стандарди за финансиско известување, како и даночните закони и прописи во земјите во кои работиме. Во случај да се сретнете со нова и непозната трансакција, за која не сте сигурни каков даночен/сметководствен ефект може да предизвика, веднаш побарајте совет од Службата за финансии/Службата за даночни работи на „Алкалоид" АД Скопје.



## ШТО СЕ ОЧЕКУВА ОД НАС?

- Да бидеме сигурни дека секоја финансиска и нефинансиска информација што ја создаваме и за која известуваме е вистинита, објективна и целосна. Не смееме да изготвуваме лажни или погрешни извештаи. Фалсификувањето извештаи, записи и сметки или погрешното претставување факти претставува измама.
- Да ги почитуваме интерните контроли дефинирани во политиките и во процедурите за работа.

**Дилема:** Не работам во Службата за финансии/сметководство. Дали јас имам одговорност за интегритетот на финансиските информации?

**Одговор:** Да, речиси сите трансакции, односно активности, кои ги правиме секојдневно, имаат финансиски ефект. Точноста во евидентирањето на деловните записи не е работа само на еден тим или на една служба во рамките на компанијата – тоа е задача на сите вработени. Сите наши секојдневни трансакции, односно активности, мора навремено, точно, целосно и соодветно да бидат евидентирани (пример: извештаи за патни трошоци, договори, продажни фактури, планирани трошоци, извештаи за продажби, налози за производство и др.).

**Дилема:** Во последниот период имав повеќе службени патувања, но дел од хотелските сметки ги загубив. Колега кој бил во слична ситуација ми даде совет да изготвам фиктивни сметки и да ги приложам. Дали е тоа во ред?

**Одговор:** Не, тоа претставува фалсификување на извештајот за патни трошоци и не е прифатливо. За настанатата ситуација треба да ги информирате својот претпоставен и Службата за финансии/сметководство и заедно да побарате соодветно решение.

# ТРГУВАЊЕ СО АКЦИИ И ВНАТРЕШНИ ИНФОРМАЦИИ

**Внатрешна информација** е секоја ценовно чувствителна информација, која не е јавно објавена преку печатени или преку електронски медиуми.

**Ценовно чувствителни информации** се информации од специфична природа, кои се директно или индиректно поврзани со издавачот на хартиите од вредност и кои, доколку се обелоденат, би можеле да влијаат врз цената на хартиите од вредност на издавачот или да влијаат врз одлуката на инвеститорите да купуваат, да продаваат или да ги чуваат хартиите од вредност. Најчести примери за ценовно чувствителни информации се: податоци за продажби, добивки од работењето, планови, промени во раководните структури на компанијата, капитални вложувања, лиценцни договори, регулаторни активности, судски процеси, потенцијални капитални преземања/спојувања, одлука за распределба на дивиденда, промена на уделот во акциите на членовите на УО и на НО и друго.

Како вработени во „Алкалоид", при извршување на нашите работни задачи, може да дојдеме до информација за нашата компанија или, пак, за компаниите со кои соработуваме, која не е јавно објавена и која ја исполнува дефиницијата за внатрешна информација. Тоа сознание нè прави сопственици на внатрешна информација, со што, во согласност со законската регулатива, не смееме да оствариме материјална добивка од тргување со хартии од вредност, врз основа на внатрешните информации, да ги обелоденуваме и да ги споделуваме со трети лица (вклучувајќи ги и фамилијата и пријателите).

Внатрешната информација треба да ја чуваме во согласност со политиката за доверливост на компанијата.

Доколку не сте сигурни дали добиената информација е ценовно чувствителна или, пак, внатрешна информација, побарајте совет од Службата за финансии, од Правната служба или, пак, од Службата за акционерство и имотни прашања.

# ЗАШТИТА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ



**Лични податоци** се сите информации што може да се искористат со цел директно или индиректно идентификување на одредено физичко лице, како на пример име, презиме, матичен број, телефонски број, адреса, електронска адреса, датум на раѓање, слики и др.

„Алкалоид“ ги извршува своите активности во повеќе земји и користи различни системи за обработка, за размена и за споделување податоци со своите капитално поврзани друштва и надворешни соработници. Сè поголемата потреба од редовна соработка, како и користењето на модерните електронски алатки и платформи за комуникација, придонесува за зголемена размена на лични податоци.

Постојат закони за заштита на личните податоци, кои пропишуваат како одговорно да се собираат, чуваат, да се користат, споделуваат, пренесуваат и да се уништуваат личните податоци. Ние сме должни да ги познаваме и да ги почитуваме тие закони секаде каде што ги извршуваме своите активности (во сите земји каде што имаме оперативни активности, како и при директна соработка со физички лица од кој било дел на светот).

Грижете се за сајбер-безбедноста, осигурете се дека ги следите процедурите и процесите што ги имаме воспоставено како компанија, со цел заштита од напади и од неавторизиран пристап на нашите компјутери, мрежи, софтверски програми и бази на податоци.

## ШТО СЕ ОЧЕКУВА ОД НАС?

- Да знаеме кои информации може да се третираат како лични податоци.
- Да ги почитуваме законите за заштита на личните податоци во земјата/земјите во кои работиме.
- Да не бараме пристап до некој личен податок доколку тој не е врзан за нашата работа.
- Да ги третираме личните податоци со најголема сериозност, во согласност со целта за која се обезбедени, и да се грижиме за нивната доверливост во согласност со применливата законска регулатива.
- Да обезбедиме технички и организациски мерки за заштита на личните податоци на нашите вработени и деловни партнери; да ги обезбедиме потребните согласности и договори со субјектите со кои разменуваме лични податоци, во согласност со применливата законска регулатива.

**Дилема:** Еден од нашите добавувачи, со цел подобро презентирање на својот производ, би сакал да испрати флаер и бесплатен примерок од производот до колегите од мојата служба/оддел. За таа цел, ми побара листа со имиња и адреси на моите колеги. Дали е во ред да ги споделам со него овие податоци?

**Одговор:** Доколку не сте сигурни, најдобро е да контактирате со Правната служба или, пак, со офицерот (овластеното лице за заштита на личните податоци) во организацијата/земјата во која работите. Иако намерата на ова барање е добронамерна и можеби вашите колеги прифаќаат да ги добијат примероците, давањето на таа информација ја нарушува нашата заложба за доверливо чување на личните податоци.

# ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ

## НАШАТА ЗАЕДНИЦА

Во односите со нашата заедница сметаме дека не е доволно само да бидеме добар сосед. Ние сакаме да бидеме добар партнер; ние сакаме заедниците каде што работиме да бидат подобри, затоа што ние сме дел од нив. Преку поддршка на **студентите** (Програмата за практикантство и редовното стипендирање на најдобрите студенти од Фондацијата „Трајче Мукаетов"); преку поддршка на **спортот** (Македонската репрезентација во ракомет, одбојка, кошарка, шах) и **културата** (овозможување врвни услови за творење на истакнати уметници); преку организирање редовни **хуманитарни настани** (под покровителство на Фондацијата „Трајче Мукаетов", а со цел помош на најранливите категории во нашата заедница); преку континуирана поддршка на **здравствените системи** каде што дејствуваме и преку голем број други активности, ние се трудиме да ѝ вратиме најдобро што можеме на нашата заедница и во согласност со политиката за општествена одговорност на „Алкалоид".

Бидејќи враќањето кон нашата заедница е дел од **клучните вредности** на „Алкалоид", ве охрабруваме да се вклучите/дознаете повеќе за нашите корпоративни иницијативи за општествена одговорност, како и да придонесете со идеи за подобрување на постојните или иницирање сосема нови начини за враќање кон нашата заедница.

## ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Во „Алкалоид“, како општествено одговорна компанија, заштитата на животната средина претставува долгорочна и континуирана определба. Системот за заштита и за управување со животната средина е дел од интегрираниот менаџмент-систем на „Алкалоид“ (во согласност со ISO 14001: 2015).

Ние се стремиме своите активности да ги спроведуваме на еколошки одговорен начин и сме посветени на почитување на сите применливи закони и регулативи за животната средина. Поставивме амбициозни цели кон минимизирање на загадувањето на животната средина, со намалување на емисиите на гасови и на отпадни води, со селекција на отпадот, со намалување на потрошувачката на горива и др. Покрај тоа, преку Службата за енергетски менаџмент, развиваме стратегии за зголемување на енергетската ефикасност и на енергетската заштеда во согласност со политиката за енергетски менаџмент.

## ШТО СЕ ОЧЕКУВА ОД НАС?

Да ги почитуваме сите закони, политики, дозволи и регулативи насочени кон:

- заштита на животната средина;



- заштеда на енергија, вода и на други природни ресурси;



- намалување на влијанието на нашите операции врз животната средина.



# ПОЧИТУВАЈТЕ ГИ НАШИТЕ ДЕЛОВНИ ПАРТНЕРИ И КОНКУРЕНЦИЈАТА

Ние соработуваме со деловни партнери од сиот свет и тие играат важна улога во нашиот развој и во остварувањето на нашиот успех. Токму поради тоа мора да се осигуриме дека релациите што ги градиме со нашите деловни партнери се потпираат на заемна почит и доверба. Изберете ги вистинските соработници за наши деловни партнери носејќи објективни одлуки, врз основа на параметри како што се квалитетот, услугата, цената, достапноста и сигурноста. Осигурете се дека тие работат етички, во согласност со законската регулатива, и на начин кој не ги загрозува нашите политики и вредности.

За отпочнување комуникација со деловните партнери (добавувачи на суровини и материјали, маркетинг-агенции, фирми за дистрибуција, купувачи и други), потребно е да се извести претпоставениот и да се добие одобрување за стапување во контакт. При комуникација со надворешните соработници, треба да се почитуваат добрите практики опишани во овој Код. Информациите што се разменуваат да бидат точни, јасни, прецизни и да не бидат доверливи. Во случај на неопходна размена на доверливи информации, потребно е да се добие одобрување од директно претпоставениот и/или со потпишување Договор за доверливост.

## КОНКУРЕНЦИЈА

„Алкалоид“ се залага за фер конкуренција, а под „фер конкуренција“ подразбираме придобивање на купувачите, односно остварување на резултат на пазарот преку натпревар на идеи, иновации и високо квалитетни производи. Конкуренцијата може да претставува предизвик за нас и таа нè мотивира да ги оствариме своите цели.

Ние ја надминуваме конкуренцијата на фер и на чесен начин.

## ШТО ТРЕБА ДА ЗАПОМНИМЕ?

Репутацијата и интегритетот на „Алкалоид“ може да бидат значително засегнати од изборот на нашите деловни партнери.

Без разлика на тоа каде и со кого соработуваме, нашиот пристап кон деловните партнери останува ист (постојан), фер и транспарентен.

# КОМУНИКАЦИЈА СО ДРЖАВНИ ОРГАНИ И СО ПРЕТСТАВНИЦИ

Секој наш контакт со претставник од Владата, со претставник од владините институции и државни органи, со државни компании (јавни претпријатија), како и со невладиниот сектор, треба да се одвива со претходно одобрување или авторизација од претпоставениот. Претходно треба да бидеме обучени за соодветно комуницирање со горенаведените институции и органи. Ова се однесува на секаков тип комуникација, односно формална или неформална комуникација, во пишана форма, електронска комуникација или вербална комуникација. Доколку директно ни се обратат од која било од наведените институции, а не сме авторизирани за комуникација со нив, должни сме да го пренасочиме контактот кон Правната служба/Службата за корпоративна усогласеност или кон Службата за маркетинг-комуникации.

Дел од работата на владините служби и на државните институции/агенции е строго да ја следат усогласеноста на компаниите со законските и со регулаторните одредби. Ние целосно соработуваме и ги поддржуваме инспекциите за проверка на усогласеност со важечките барања.

## ШТО СЕ ОЧЕКУВА ОД НАС?

- Комуникација (со претходно обезбедено одобрување/авторизација) со владините претставници на транспарентен, проактивен и на одговорен начин.
- Почитување на нашите **клучни вредности**, поврзани со интегритетот и со чесноста при интеракција со владините претставници.

# ЈАВНИ НАБАВКИ/ТЕНДЕРИ

Јавните/државните институции и компании се едни од нашите клучни купувачи, односно заинтересирани страни. Во секоја земја тие се предмет на посебни локални закони, кои регулираат како се снабдуваат со потребните производи и услуги. Како добавувач на тие производи, од нас, исто така, се очекува да ги почитуваме законите и другата регулатива, кои ја регулираат областа на јавни набавки.



Нашите вработените кои се вклучени во тендерски процеси на јавни набавки или, пак, нашите деловни соработници кои ги нудат нашите производи на овие тендери мора да ги разберат и да ги следат принципите и правилата за јавни набавки, дефинирани во законската регулатива. Овие правила може да бидат сложени, но се од суштинско значење за законската усогласеност на нашето работење. Правната служба може да обезбеди насоки и стручна помош за овие активности.

# ВНАТРЕШНА УСОГЛАСЕНОСТ

- Да ги заштитиме нашите средства, доверливи информации и интелектуалната сопственост
  - Код на облекување
  - Безбедност и заштита при работа
- Управување со електронски податоци и сајбер-безбедност
- Социјални медиуми
- Комуникација со медиуми и со заинтересирани страни
- Интерна комуникација







## ШТО ПРЕТСТАВУВА?

„Алкалоид“ управува со ризиците за внатрешна усогласеност преку механизми дефинирани во рамките на интегрираниот менаџмент-систем на „Алкалоид“ и преку корпоративните политики, процедури, стандардни оперативни постапки и упатства за работа.

## ЗОШТО Е ЗНАЧАЈНО?

Внатрешните контролни механизми, кои се применети во рамките на корпоративните политики, процедури, стандардни оперативни постапки и упатства за работа, придонесуваат за минимизирање на ризикот од појава на неправилности во секојдневното работење и од нарушување на безбедноста и на здравјето на вработените. Исто така, тие придонесуваат за навремено детектирање и коригирање на сите отстапувања од редовното работење, со што се постигнува превенција од поголеми нарушувања во системот.

## КАКО ГО ПРАВИМЕ ТОА НИЕ?

Како составен дел од интегрираниот менаџмент-систем на „Алкалоид“, ние одговорно и секојдневно во целост ги почитуваме корпоративните политики, процедури, стандардни оперативни постапки и упатства за работа, со што придонесуваме за градење на безбедна и на ефикасна работна средина.

Воспоставениот интегриран менаџмент-систем на „Алкалоид“ ги манифестира заложбата и посветеноста на врвното раководство кон подобрувања во поглед на квалитетот на системот и на производите, животната и на работната средина.

Сите заедно учествуваме во дефинирањето на нови и во подобрувањето на веќе постојните контролни механизми, како одговор на сè поголемата потреба од управување со ризиците во работењето.

# ДА ГИ ЗАШТИТИМЕ НАШИТЕ СРЕДСТВА, ДОВЕРЛИВИ ИНФОРМАЦИИ И ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ



Нашите средства вклучуваат сè што поседува или користи нашата компанија за спроведување на своите деловни активности. На секој од нас му е доверена грижа за овие средства. Затоа, бидете проактивни во заштитата од губење, оштетување, кражба и од нивна неправилна употреба. Ние се потпираме на поддршката од нашите средства во секојдневното работење и тие се од огромно значење за нормално функционирање на компанијата.

**Физичките и електронските средства,** како што се возилата, мебелот, опремата, машините, алатите, залихите, компјутерскиот хардвер и софтвер и други се обезбедени со цел да ја вршиме нашата работа. Повремена лична употреба на средства како што се телефоните, компјутерите, електронската пошта и интернетот е дозволена, но потребно е да бидеме сигурни дека целосно ги следиме процедурите и политиките за употреба на овие средства дефинирани од нашата Служба за информатичка технологија и телекомуникации.

Треба да бидеме свесни дека **информациите** се исто така клучно средство. Доверливите информации и интелектуалната сопственост претставуваат резултат на значајни инвестиции во компанијата и години напорна работа. Деловни тајни, патенти, авторски права, стратешки-, маркетинг- и бизнис-планови, развој на нови производи, трговски марки, финансиски извештаи, бази на податоци, досиеја на вработени, списоци со клиенти се само дел од доверливите информации на кои мораме да им пристапиме со огромно внимание, бидејќи со нивна заштита ѝ овозможуваме конкурентска предност на нашата компанија.

Покрај нашите, ние ги почитуваме и доверливите информации што им припаѓаат на трети страни. Ако споделиме доверливи информации со трета страна, секоја размена на такви информации подлежи на потпишување Договор за доверливост. Мора да бидеме свесни дека во конкурентско опкружување трети страни се стремат да добијат пристап до доверливи информации поврзани со нашата деловна активност. Ние мора да бидеме исклучително внимателни како постапуваме со нашите доверливи информации на јавни места (авиони, автобуси, барови и ресторани). Обврските за доверливост, кои се дел од секој договор за вработување, се детално дефинирани во Правилникот за заштита на деловна тајна и во Know how на „Алкалоид“.

## ШТО СЕ ОЧЕКУВА ОД НАС?

- Да ги почитуваме Правилникот за заштита на деловна тајна и Know how на „Алкалоид“ и другите процедури кои ја дефинираат употребата на нашите средства.
- Да се грижиме со внимание за средствата или за опремата и да пријавуваме доколку е оштетена, небезбедна или доколку постои потреба од поправка.
- Да ги штитиме доверливите информации на „Алкалоид“, дури и ако веќе не работиме во „Алкалоид“.
- Да пријавиме несоодветно користење на нашите средства и секој сомнеж за кражба на интелектуална сопственост или неовластено обелоденување/пристап до доверлива информација за нашата компанијата до линискиот менаџер или, пак, до Правната служба.
- Кога ги изнесуваме средствата од работното место, секогаш да внимаваме на нив, односно да ги носиме со нас и да не ги оставаме без надзор на јавни места (на пр. во автомобил).

**Дилема:** Мојата братучетка неодамна започна да работи за друга компанија во истата индустрија. Таа е заинтересирана да зборува со мене за разликите и сличностите меѓу „Алкалоид“ и нејзиниот нов работодавач. Дали и колку ми е дозволено да кажам?

**Одговор:** Треба да бидете многу внимателни што ќе кажете, дури и ако разговарате со некој близок член на своето семејство. Запрашајте се дали информациите што ги споделувате се достапни за пошироката јавност. Ако не се, не треба да ги споделувате доверливите информации со својата братучетка, бидејќи таа е неовластена личност.

# КОД НА ОБЛЕКУВАЊЕ

Кодот на облекување во „Алкалоид“ ја има функцијата да постави професионална и рационална рамка за деловно облекување на работното место на сите вработени.

Секаде каде што униформата како работна облека не е застапена, облекувањето треба да биде бизнис-ориентирано и ненападно, притоа водејќи се од следниве препораки:




- да ја одржуваме професионалноста при изборот на облека;
- врз база на облеката секогаш да презентираме позитивна слика;
- облеката треба да ни е во согласност со трите основни карактеристики на деловното облекување (The 3 Cs): класично, чисто и конзервативно (со добар вкус и соодветно на пригодата)

Генерална препорака е да се почитуваат правилата за секојдневна, деловна облека (business casual). Облеката треба да биде удобна и соодветна за пригодата, со цел обезбедување пристоен и професионален изглед. Во овој стил спаѓаат:

- панталони со палта;
- кошули, блузи, поло–маички;
- здолништа, фустани;
- џемпери;
- чевли и чизми.

Парчињата облека не треба да ни се:

- прекуси, претесни, прешироки;
- од провидни материјали;
- со несоодветни принтови и додатоци и
- разресени, поткинати.

Чевлите треба да ни се чисти, без отворени прсти и петици и без несоодветно високи потпетици. Во однос на чизмите, тие не треба да ја надминуваат висината над коленото. Иако не е задолжително стилот да биде строго формален, тој не вклучува спортска гардероба и гардероба за вечерни излегувања.

Во петоците е дозволено да носиме фармерки со класичен крој, без отвори и/или изресени. Облеката треба секогаш да ни е чиста, уредна и испеглана и да не ја оцртува долната облека.

За официјални состаноци (интерни и екстерни) задолжително е да практикуваме формален деловен стил. Тој подразбира костум (комбинација со панталони или со здолништа за жените), кошула, вратоврска за мажите, чорапи, чевли и ремен. Препорачливи бои за овој стил на облекување се црната, тегетот, кафената, сивата, а за кошулите светлите нијанси.

При покана за присуство на некој настан, прослава или коктел или, пак, кога ни е доделена улога на претставник од нашиот претпоставен, со цел присуство на некој од нив, потребно е да внимаваме на кодот на облекување, кој вообичаено е назначен на поканата за настанот.



Во сите пригоди особено е важно да се внимава на личната хигиена, со особено внимание на оралната хигиена и на чистотата на обувките и на облеката. Исто така, важно е да не се претерува со јаки парфеми и колонски води. Шминката и маникирот е препорачано да се дискретни, без јаки и нападни бои и дезени. Косата треба да ни е чиста, потстрижена и уредна. Накитот и модните додатоци што ги употребувате да бидат во што помала количина, ненападни и во согласност со вашата позиција и улога која ја имате во „Алкалоид“.

## БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА

„Алкалоид“ ја почитува безбедноста на сите вработени затоа што тие се нашето најголемо богатство. Преку системско идентификување на ризиците и на опасностите, ние сме посветени на обезбедување безбедна и здрава работна средина за вработените, привремено вработените, практикантите, за деловните партнери, посетителите и за соработниците, кои работат во рамките на нашите објекти или на нашите простории.

Сите оперативни и стратешки мерки што се однесуваат на безбедноста и на здравјето при работа се усогласуваат со позитивните законски прописи и со светските стандарди и се во насока на обезбедување безбедна, сигурна и здрава работна средина. Политиката за безбедност и здравје при работа во рамките на политиката на интегрираниот менаџмент-систем на „Алкалоид“ се спроведува на систематски начин, со сите потребни технички, организациски и лични мерки.

## ШТО СЕ ОЧЕКУВА ОД НАС?

Ние сме должни да внимаваме на себе како и на другите. Тоа го постигнуваме преку следење и преку почитување на Алкалоидовите процедури и упатства за безбедност и за здравје при работа и преку секојдневно промовирање култура на безбедност. Секој вработен има овластување да преземе итни активности за заштита на луѓето, без оглед на работната позиција или на одговорноста. Бидете претпазливи со она што се случува околу вас. Доколку забележите ситуација која би можела да ги доведе во опасност другите, преземете акција и веднаш информирајте го својот претпоставен, како и Службата за општи работи/Безбедност и здравје при работа. Во секое време и на сите места работете внимателно почитувајќи ги безбедносните практики, за да се заштитите себе си и своите соработници од повреди.

Забрането е поседување, користење или дистрибуирање алкохол, нелегални лекови и опојни дроги, бидејќи злоупотребата на супстанции може да ги наруши вашето расудување, вашите квалитети и безбедноста на оние што работат со вас.

# ПРОМОВИРАЈ БЕЗБЕДНОСТ



Барањата од процедурите и упатствата за безбедност – Почитувај ги!

Безбедносната опрема – Користи ја!





Обуките, работилниците, вежбите на оваа тема – Задолжително посетувај ги!

Небезбедната ситуација – Пријави ја веднаш!



**Дилема:** Мојот тим доцни со завршување на проектот, а нашата компанија очекува од нас да го исполниме крајниот рок. Најдовме начини да ја постигнеме целта со прескокнување на неколку безбедносни процедури. Сè додека сме внимателни, дали е во ред да се забрза процесот за да се исполнат целите на проектот?

**Одговор:** Процедурите и политиките за безбедност и за здравје при работа се поставени за да ве чуваат безбедни и за да се заштити интегритетот на нашите производи и здравјето на оние што ги користат. Прескокнувањето процедури за безбедност не е дозволено. Разговарајте со својот претпоставен и изгответе план за остварување на целта безбедно и во согласност со процедурите и со политиките на нашата компанија.

# УПРАВУВАЊЕ СО ЕЛЕКТРОНСКИ ПОДАТОЦИ И САЈБЕР-БЕЗБЕДНОСТ

**Електронските податоци** се податоци создадени во електронска форма, погодни за електронска обработка и за пренос преку електронски комуникациски системи.

**Управувањето со електронските податоци** подразбира создавање, безбедно чување и нивно бришење. Ефикасното и правилно управување со електронските податоци е клучно за заштита на безбедноста и на интересите на „Алкалоид“.

Од нас се очекува добро да размислиме пред да создадеме електронски запис/податок и да одлучиме дали е воопшто неопходно тој да се создаде (на пр. електронска пошта). Секогаш да користиме факти, а не претпоставки и да избегнуваме погрешни и сугестивни текстови. Никогаш да не создаваме документ за кој не би биле подготвени да преземеме одговорност и да одредиме, односно да внимаваме кој сè ќе има пристап до електронскиот запис/податок.



**Сајбер безбедност** е воспоставен систем/практика на одбрана на компјутери, сервери, мобилни уреди, електронски системи, мрежи и електронски податоци од малициозни напади.

„Алкалоид“, преку своите политики, има воспоставено систем за електронска безбедност, но мора да разбереме дека сите ние сме дел од тој систем и одговорноста за одржување електронски безбедна околина за работа (намалување на нашата ранливост) е на сите нас заедно. Токму затоа ние:

- ги почитуваме сите политики, процедури и упатства што се однесуваат на нашата сајбер-безбедност, дефинирани од Службата за информатичка технологија и телекомуникации;
- веднаш праќаме информација до линискиот менаџер и до Службата за информатичка технологија и телекомуникации доколку настанало или, пак, доколку постои нарушување на нашата сајбер-безбедност (можна загуба или кражба на податоци, компјутери, опрема, злоупотреба или несоодветно регулиран пристап до електронските податоци и др.);
- обезбедуваме физичка безбедност на електронските комуникациски уреди (хардверот) што ни се доделени на користење и не ги оставаме во нашите автомобили додека сме надвор од нив. Ја штитиме својата лозинка(и);
- на нашиот компјутер не инсталираме неовластен софтвер, апликации, хардвер или уреди за складирање и не пристапуваме до Алкалоидовата мрежа преку неовластени апликации или уреди;
- не користиме нелиценциран софтвер и не создаваме копии на нашите лиценцирани софтверски решенија (за да ги користиме дома или за некој друг да ги користи) и
- секогаш сме претпазливи од измами или од други обиди што нè наведуваат да откриеме чувствителни лични податоци или, пак, доверливи корпоративни информации. Не отвораме сомнителни линкови во електронската пошта, дури и ако го знаеме изворот.

**Дилема:** Кога одам на одмор, сакам целосно да се исклучам. Дали е во ред ако му го оставам лаптопот на мојот асистент за да управува со одобренија/авторизации во различните системи/софтвери на компанијата во мое име? Јас во целост ѝ верувам на оваа личност, па не ми пречи да ја споделам својата лозинка.

**Одговор:** Не. Вработените никогаш не треба да даваат лична лозинка никому. Некои системи ви овозможуваат да делегирате одредени активности на други. Други, пак, системи му ги пренесуваат вашите авторизации на претпоставениот во случај на ваше отсуство. Доколку ги заобиколите овие контроли, вие ја поткопувате безбедноста на нашите системи, ги избегнувате своите одговорности и го ставате својот асистент во позиција да ја нарушува политиката на компанијата.

# СОЦИЈАЛНИ МЕДИУМИ

**Социјалните медиуми** ги вклучуваат сите канали на дигитална комуникација, кои им овозможуваат на своите корисници да создаваат и да споделуваат содржина, како и да објавуваат коментари под неа.

Во согласност со нашите политики и процедури за управување со веб-страници, со мобилни апликации и со профили на социјалните медиуми, единствено задолжена за водење на комуникацијата преку социјалните медиуми е Службата за маркетинг-комуникации.

„Алкалоид" го почитува правото на секој вработен да поседува профили на социјалните медиуми и да ги користи за лични цели, но од нас се очекува да ги користиме на одговорен начин, во согласност со нашите **клучни вредности**. Користењето на социјалните медиуми за лична употреба на работното место не е дозволено и при регистрација на нив препорачано е да не се користат службените електронски адреси.

Објавените содржини на официјалните профили на социјалните медиуми на „Алкалоид" и на брендовите на компанијата можеме да ги споделуваме, но доколку под нив добиеме коментари и прашања од трети лица, не треба директно да одговараме, туку да ги упатиме официјално да се обратат преку формата „Контактирајте нè" на веб-страницата на „Алкалоид" или, пак, преку испраќање порака на официјалните профили на брендовите чија содржина е споделена.



## ПРИ КОРИСТЕЊЕТО НА СОЦИЈАЛНИТЕ МЕДИУМИ ОД НАС СЕ ОЧЕКУВА:

- да не споделуваме доверливи и други информации за работењето (во објави, коментари, групи и друго);
- да не објавуваме каква било содржина поврзана со производите на нашата компанија, ниту, пак, да иницираме дискусии за нив, освен доколку сме авторизирани за тоа од Службата за маркетинг-комуникации;
- да не се вклучуваме директно во веќе постојна дискусија за некој од производите или брендовите на „Алкалоид“ или за самата компанија и доколку сметаме дека споделените информации може да бидат од важност за компанијата, за тоа веднаш да ја известиме Службата за маркетинг-комуникации;
- да не објавуваме или коментираме содржини поврзани со конкурентски производи, брендови и компании. Нашето мислење може да се смета за пристрасно и необјективно, а, исто така, може да се поистовети со ставовите на самата компанија;
- да не објавуваме фотографии направени на работното место, односно на локалитетите на „Алкалоид“, како и фотографии направени за време на службени патувања, освен со претходно одобрување и насоки добиени од Службата за маркетинг-комуникации;
- да не изразуваме лични ставови, ниту навредливи коментари насочени кон политички личности и кон кои било други личности што имаат јавни функции, односно што се дел од раководства на државни институции, невладини организации, амбасади, странски мисии и слично и
- да не објавуваме, коментираме или споделуваме содржини (пишани и/или визуелни) што се директно насочени кон наши колеги и соработници. Ова се однесува на изразување лични ставови и мислења со негативен контекст или со провокација, како и на објавување навредливи и дискриминирачки изјави/коментари или фотографии/видеа, насочени кон нашите колеги и соработници.

**Запомнете:** Личното однесување на секој од нас може да има влијание врз тоа како другите гледаат на нашата компанија во целост, односно директно да влијае врз нашиот компаниски углед.

# КОМУНИКАЦИЈА СО МЕДИУМИ И СО ЗАИНТЕРЕСИРАНИ СТРАНИ



За да ја разбереме потребата од испраќање јасна порака кон нашите заинтересирани страни, мора да ги земеме предвид моќта на зборовите, начините на кои зборовите може да се употребат, како и влијанието што може да го имаат врз угледот и врз довербата на нашата компанија. Токму затоа, во согласност со процедурата за комуникација, нашата компанија има овластено лица за комуникација со медиумите што опфаќа: секојдневна комуникација со медиумите за тековни кампањи, проследување соопштенија/информации до медиумите и организирање прес-конференции во или надвор од просториите на компанијата.

Секој вработен, овластен за комуникација и за проследување информации надвор од компанијата, задолжително дава јасни, точни, постојани и актуелни информации, во согласност со политиките, доверливоста, целите и со потребите на нашата компанија, како и со законските и со другите барања, кои сме должни да ги следиме.

При покана за гостување на настан организиран од некој медиум, на кој гостува вработен одреден од Генералниот директор и тој присуствува во име на „Алкалоид“, должен е да се однесува во согласност со политиката и со ключните вредности на компанијата.

## ШТО СЕ ОЧЕКУВА ОД НАС?

- Да ја почитуваме корпоративната процедура за комуникации на „Алкалоид“.
- Доколку добиеме прашање, барање за интервју или друг тип барање од одреден медиум, ваквиот тип барање да го упатиме до Службата за маркетинг-комуникации.
- При лична покана за настап во медиумите, заради некоја лична и приватна активност или заради членство во некоја организација, партија или здружение, за темата на разговорот потребно е да го известиме претпоставениот и преку него да побараме дозвола за настап од раководителот на Службата за маркетинг-комуникации.

**Запомнете:** Не смееме да даваме какви било јавни изјави во името на „Алкалоид“ доколку не сме овластени за тоа.

# ИНТЕРНА КОМУНИКАЦИЈА

**Интерната комуникација** е пренесување информации во рамките на нашата компанија. Тоа е комуникација, односно споделување информации, знаења, идеи и уверувања меѓу вработените во рамките на компанијата. Таа се одвива на сите нивоа и организациски единици и ги опфаќа телефонските разговори и електронските пораки во рамките на компанијата, личните и групните состаноци, извештаите, барањата, записниците, презентациите, процедурите, политиките, обуките, интранетот, известувањата, корпорацискиот магазин и друго.

Интерната комуникација може да биде формална или неформална. Тоа зависи од лицата со кои комуницираме. Ние користиме неформален или не толку формален јазик со колегите за секојдневна интеракција, но комуникацијата со раководството на компанијата е секогаш на формален начин.

Со цел постигнување ефикасна интерна комуникација, ние сме должни да се придржуваме до насоките дадени во нашите политики за комуникација, како и до клучните вредности на нашата компанија. За почеток, потребно е да имаме јасна причина за комуникација, како и целосно разбирање на потребите на колегите на кои им се обраќаме.

Користиме емпатија и активно слушање за да ја разбереме перспективата на другото лице, независно од тоа дали се согласуваме со него или не, со што обезбедуваме коректна двонасочна комуникација.

При интерната комуникација секогаш треба да пристапуваме со интегритет, чесно и транспарентно, со што ќе стекнеме доверба, која е основа за добра комуникација. Должни сме да употребуваме чист (без жаргонски изрази) јазик, да бидеме прецизни и конкретни во пренесувањето на информациите. Наша обврска е редовно, преку секојдневните активности, обуки и работилници, да ги развиваме и да ги одржуваме сопствените комуникациски вештини на високо ниво, со што придонесуваме за градење на фер, транспарентни и доверливи односи во рамките на компанијата.

## КОРЕСПОНДЕНЦИЈА ВО РАМКИТЕ НА „АЛКАЛОИД“

Тонот на комуникација во рамките на компанијата треба да биде професионален и учтив и да оддава впечаток на почит кон другата страна. Во ист тон треба да се одвива и пишаната кореспонденција. Во насока на ова начело, препорачуваме пишаната комуникација (електронската пошта) да почнува со професионално, односно со деловно обраќање, а во натамошната содржина да не се користи извичникот како интерпункциски знак, како и опциите за нагласување на буквите (bold и/или caps lock). Текстот треба да биде концизен, јасен и точен за тој што го добива да може брзо и лесно да ја разбере содржината.

# ФАРМАЦЕВТСКА УСОГЛАСЕНОСТ

» Интеракција со здравствените работници

» Етичка промоција



## ШТО ПРЕТСТАВУВА?

Фармацевтската индустрија е високо регулирана и водењето деловни операции во оваа сфера бара силна усогласеност со сите законски и регулаторни услови и барања на добрата производна пракса (GMP), за да ги задржиме нашата производна дозвола и сертификатите за усогласеност со барањата на добрата производна пракса. Усогласеноста значи дека нашето дејствување и однесување е во линија и во согласност со законите и со регулативите, со кодовите во индустријата, како и со високите стандарди за интегритет на „Алкалоид“ дефинирани со овој Код.

## ЗОШТО Е ЗНАЧАЈНО?

Во период на зголемена регулаторна контрола на глобално ниво, сè почести се известувањата за високи финансиски пресуди и кривични гонења кон компаниите што имаат неправилности или што не се доволно усогласени со високите стандарди, закони и прописи во индустријата. Овој тренд не се однесува само на маркетингот и на продажбата на фармацевтските производи туку и на другите области на работењето, како што се контролата на квалитетот во производните операции, известувањата за безбедноста на лековите, приватноста на пациентите, ценовните политики итн.

Затоа, како никогаш досега, за нас е важно усогласеноста со прописите, стандардите и со законите да ни биде приоритет број еден.

## КАКО ГО ПРАВИМЕ ТОА НИЕ?

„Алкалоид“ издвојува значителни ресурси и напори за да осигури усогласеност со сите закони и регулативи и за да ги задоволи високите барања и стандарди за водење деловни операции во фармацевтската индустрија. Оваа заложба ја правиме, пред сè, за да ги донесеме нашите производи до пациентите на кои им се неопходни. Се стремиме да одржуваме високи етички, научни и клинички стандарди во сите наши активности.

Во „Алкалоид“ се смета дека чувството за одговорност на секој вработен е основа на усогласеноста. Затоа ние постојано работиме да ги идентификуваме, проценуваме и да ги управуваме ризиците за усогласеност што спаѓаат во рамките на нашите деловни одговорности.

Кога се работи за интеракцијата со здравствените работници, се водиме од нашите високи стандарди за етичка промоција. „Алкалоид“ во своите интеракции со здравствените работници и со здравствените институции е посветен на целосен интегритет, фер надомест и на висока транспарентност.

За нас комуникацијата со сите засегнати страни од здравствениот систем зазема посебно ниво на важност и правиме сè за да осигуриме дека нашите луѓе проследуваат вистинити информации во согласност со регулаторните одобренија за нашите производи.

# ИНТЕРАКЦИЈА СО ЗДРАВСТВЕНИТЕ РАБОТНИЦИ



Кој било член на лекарската, стоматолошката или на фармацевтската професија, медицинските сестри или кое било друго лице кое преку своите професионални активности дава здравствени услуги или, пак, може да препише, препорача, купи, снабди или администрира фармацевтски производ наменет за пациенти се смета за здравствен работник.

Нашите односи и интеракцијата со здравствените работници се легални и етички и се насочени кон зајакнување на нивните знаења и практики во медицината за поголема корист на пациентите. Нашите интеракции со здравствените работници имаат цел нивно подобро информирање за производите и споделување новини и научно-едукативни информации.

Ние во „Алкалоид“ сме посветени на обезбедување највисоки стандарди за етика и за добри деловни практики во интеракциите со поединците или со здравствените организации, како што тоа го налагаат законската регулатива и практиките во индустријата.

Линиските менаџери се должни да им обезбедат редовна едукација и информираност на вработените, поврзано со локалната регулатива за интеракција со здравствените работници. Тие се должни постојано да го следат нивото на знаење и на спроведување на регулативата од страна на вработените.

Нашите вработени не смеат да понудат или дадат нешто од вредност, со намера да влијаат или да го охрабрат директно или индиректно примателот да ги препишува, препорачува или да ги купува нашите производи.

Информациите што се споделуваат во текот на интеракцијата со здравствените работници, независно дали се работи за одделни посети или за поголеми собири (работилници, конгреси, едукативни предавања итн.), се секогаш избалансирани, точни и конципирани да обезбедат точна и соодветна информираност за нашите производи и за новите медицински практики.

Учеството или организацијата на сите состаноци и настани, без оглед на тоа дали имаат медицинска или промотивна цел, за нас имаат јасен научен, медицински и едукативен фокус во однос на содржината презентирана од „Алкалоид“.

## ШТО СЕ ОЧЕКУВА ОД НАС?

„Алкалоид“ бара и очекува високо ниво на корпоративна одговорност од сите свои вработени, во сите активности насочени кон здравствените работници. Очекуваме секогаш примена на високи етички стандарди во пристапот и во водењето на интеракцијата со нашите партнери и во постигнувањето на нашите деловни цели.

Во сите земји каде што „Алкалоид“ има свои директни операции, нашите вработени се должни да ги почитуваат политиките и стандардите на „Алкалоид“, локалните закони и регулативи, како и локалните кодекси на индустријата, кои ја регулираат интеракцијата со здравствените работници.

Побарајте совет или помош пред да преземете активност за која не сте сигурни од својот линиски менаџер или од локалниот менаџер за усогласеност, доколку е применливо.

**Дилема:** Размислувам да му дадам предност на еден деловен партнер во однос на друг за да ја постигнам својата деловна цел. Дали остварувањето на деловната цел е важечка оправданост за давање предност?

**Одговор:** Секако не. Во „Алкалоид“ достигнувањата не се мерат само во однос на постигнатите резултати, туку и како се тие резултати постигнати. Деловната цел никогаш не е изговор или оправдување за кршење на нашите стандарди за интегритет. Секој поединец е одговорен за своето однесување.

### ШТО ТРЕБА ДА ЗАПОМНИМЕ?

Работиме во индустрија која е високо регулирана и затоа имаме голема одговорност за начинот и за пристапот според кој дејствуваме при интеракцијата со здравствените работници. Очекуваме секој од нашите вработени да дејствува во согласност со регулативите за етичко и за транспарентно работење во интеракцијата со здравствените работници. Усогласеноста гарантира одржливост на операциите и раст на компанијата. За нас не е важно дали резултатите се остварени, туку и како се тие резултати постигнати.

# ЕТИЧКА ПРОМОЦИЈА

Промоцијата на нашите фармацевтски производи мора да биде секогаш точна, избалансирана, етичка и не смее да ги носи во заблуда здравствените работници. Информациите што се содржани во нашите промотивни материјали даваат соодветна проценка од придобивките и од ризиците на нашите производи во текот на нивната употреба, според информациите содржани во збирните извештаи за карактеристиките на лекот.

„Алкалоид“ промовира рационална употреба на лековите во текот на промотивните активности и секогаш својствата на фармацевтските производи ги прикажува објективно, без да ги преувеличува нивните својства.

Споредбата меѓу различните лекови ја прикажува на начин што се заснова на релевантни и на споредливи аспекти, засновани врз објавени научни докази. Во текот на какво било компаративно рекламирање мора да внимаваме информациите да не бидат заведувачки или понижувачки за компаративниот производ.

Ги почитуваме приватноста и личните информации на пациентот доколку дојдеме во допир со нив во текот на промотивните активности.

Медицинските претставници на „Алкалоид“, кои се наша продолжена рака во интеракцијата со здравствените работници, мора да бидат усогласени со сите релевантни кодекси на индустријата, со важечките локални закони и со други важечки прописи. Од нив очекуваме да одговорат на своите обврски одговорно и етички, да обезбедат зачестеност и времетраење на посетите, на начин со кој нема да предизвикуваат непријатности кај здравствените работници или кај пациентите. Нашите медицински претставници внимаваат силно на својот личен интегритет и на корпоративниот идентитет на компанијата во текот на промотивните активности кон медицинските работници.



**Дилема:** Работам на маркетинг-кампања за нов производ. Забележав дека предложеното тврдење за производот не е целосно точно. Дали треба да поведам прашање до одговорните лица?

**Одговор:** Да. Обратете се директно кај својот линиски менаџер за случајот. Ние сме одговорни да обезбедиме подобрувања во врска со информациите за нашите производи и услуги, засновано на научни докази, и притоа да не се создава никаква заблуда.

## ШТО ТРЕБА ДА ЗАПОМНИМЕ?

Фармацевтскиот маркетинг на лекови со рецепт и на безрецептни лекови, воден од нашите одговорни служби, во секоја земја мора да биде воден во согласност со сите важечки локални закони, прописи и кодекси, кои ја регулираат етичката промоција.

Во период на зголемена регулаторна контрола, важно е секој од нас да биде свесен за тежината на последиците од неетичка промоција и од прекршување на прописите и на законите што ја регулираат. Очекуваме нашите вработени да покажат високо ниво на одговорност и интегритет во сите делови при водењето промоција на фармацевтските производи.

„Алкалоид“ ги гради своите деловни операции почитувајќи ги правилата за фер конкуренција, без да ги прекрши законите и прописите за нарушување на конкуренцијата.

„Алкалоид“ нема да толерира никакво прекршување на стандардите за етичка промоција, регулирани преку локалните закони и кодекси во земјите во кои вршиме директна и индиректна промоција на нашите лекови.

Од друга страна, ги охрабруваме нашите лица одговорни за маркетинг на фармацевтските производи постојано да размислуваат за нови и за креативни начини на градење на свесноста за нашите брендови, во согласност со високите етички стандарди за промоција.

# ЗАВРШНА ПОРАКА

Нашата успешна приказна денес се должи на постојаните напори што ги давале и што ги даваат нашите луѓе и секој следен успех зависи од сите нас. Ние сме еден голем тим, синергија составена од многу идеи, искуства и знаења. Почитувајќи го нашиот Код и нашите **клучни вредности**, ние помагаме во градењето и во одржувањето инклузивна, позитивна и почитувана работна средина за сите нас. Секојдневно заедно градиме доверба, која е основа за нашиот успех.

Кодот за етичко и деловно однесување на „Алкалоид“ ја пресликува корпоративната култура и има цел, во согласност со клучните вредности на нашата компанија, да го дефинира посакуваното етичко и морално однесување на секој од нас. Ниту една наша активност, на работа или дома, не треба да им наштети на репутацијата и на угледот на „Алкалоид“.

Кодот на етичко и деловно однесување е дополнет со голем број политики, процедури и правилници, кои детално покриваат конкретни области на работење и кои даваат сеопфатни упатства за спроведување на активностите. Пристапот до процедурите за работа, кои се дел од нашиот интегриран менаџмент–систем, е регулиран преку Службата за обезбедување квалитет (локалните лица одговорни за обезбедување квалитет во нашите друштва), додека, пак, корпоративните политики и правилници се регулирани преку нашата корпоративна правна служба. Контактите (директни телефонски броеви и електронски адреси) на сите служби во компанијата, како и на самиот Код, може да се преземат на нашата веб-страница.

Доколку имате какви било прашања поврзани со Кодот за етичко и деловно однесување на „Алкалоид“, контактирајте со својот линиски менаџер, со втората линија менаџмент, каде што е применливо, директно или со офицерот за корпоративна усогласеност, преку посочените канали на комуникација со него.

Сите политики, процедури, водичи, стандардни оперативни постапки и упатства, применети во „Алкалоид“, се достапни во софтверот „АлкаДМС“; секој документ е со единствена шифра за идентификација и со авторизиран пристап за корисниците до неговата важечка верзија.



# ЛИСТА НА РЕФЕРЕНТНИ ДОКУМЕНТИ

Листата на референтни документи за Кодот на етичко и деловно однесување е поставена на следната локација за да ги прегледате кликнете ТУКА.

Во оваа листа на референтни документи за Кодот на етичко и деловно однесување на „Алкалоид“ АД Скопје, документите означени со шифра од интегрираниот менаџмент-систем на „Алкалоид“ се достапни во софтверот за електронско управување со документи „АлкаДМС“. Политиките, пак, на „Алкалоид“ АД Скопје, како интерни документи значајни за комуникација со заинтересираните страни (или со јавноста), се наоѓаат на веб-страницата на „Алкалоид“ АД Скопје и на следната локација, за да ги прегледате кликнете ТУКА.

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ

www.alkaloid.com.mk
e-mail: alkaloid@alkaloid.com.mk

*Health above all*